# ПЕТНАЕСЕТТА РОДНОКРАЈНА СРЕДБА СО БИТОЛСКИТЕ ПИСАТЕЛИ ОД МАКЕДОНИЈА

Зборник на излагања,
Тркалезна маса, Битола 13 октомври 2020 година

National Institution – University Library
„St Kliment Ohridski“ Bitola

# FIFTEENTH HOMELAND MEETING OF THE BITOLA WRITERS FROM MACEDONIA

Collection of presentations,
Round table, Bitola October 13, 2020

Bitola 2020

Национална установа – Универзитетска библиотека
„Св. Климент Охридски“ – Битола

# ПЕТНАЕСЕТТА РОДНОКРАЈНА СРЕДБА СО БИТОЛСКИТЕ ПИСАТЕЛИ ОД МАКЕДОНИЈА

Зборник на излагања,
Тркалезна маса, Битола 13 октомври 2020 година

Битола 2020

Издава
Националната установа – Универзитетска библиотека
„Св. Климент Охридски“ Битола, ул. „Пеце Матичевски“ бр. 39, Битола

За издавачот
м–р Бојан Стефановски

Издавачки совет:
м–р Јелена Петровска
д–р Николче Вељановски
Академик Владимир Костов

Главен и одговорен уредник
д–р Николче Вељановски

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека “Св. Климент Охридски”, Скопје

**821.163.3-05(497.774)(062)**

РОДНОКРАЈНА средба со битолските писатели од Македонија (15 ; 2020 ; Битола)

Петнаесетта роднокрајна средба со битолските писатели од Македонија : зборник на излагања, Тркалезна маса, Битола 13 октомври 2020 година /[главен и одговорен уредник [и] превод на резимеа на англиски јазик Николче Вељановски]. - Битола : Национална установа Универзитетска библиотека “Св. Климент Охридски”, 2020. - 103 стр. : фотографии ; 25 см

На напор. насл. стр.: Fifteenth homeland meeting of the Bitola writers from Macedonia : collection of presentations, Round table, Bitola October 13, 2020. - Summaries кон трудовите
**ISBN 978-608-4538-86-8**

а) Македонски писатели -- Битола -- Собири
**COBISS.MK-ID 52626693**

Зборникот е финансиран од Министерството за култура на РС Македонија

Тел.: 047/220–208; факс: 220–515; тел. изд. 232–999;

e–mail: nuub@nuub.mk • www.nuub.mk

# 15. РОДНОКРАЈНА СРЕДБА

***Приредил д-р Николче Вељановски, библиотекар советник***

**Петнаесеттата роднокрајна средба на битолските писатели во Македонија** која Националната установа – Универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски“ Битола ја организираше преку темата: **“Моите ликови – од страв и немоќ во револт кон човечките вредности”. (За поетите Револтот на поетот во мене кон...)** се одржа на 13.10.2020 г. во читалната на Роднокрајното одделение. На оваа традиционална Средба по 15-ти пат, овој пат во дупло помал број на присутни заради пандемијата на вирусот COVID 19, но со 17 текстови од учесниците од Битола, и Скопје меѓу кои Академик Владимир Костов (во отсуство), Никола Кочовски (во отсуство), Ѓорѓи Прчков (во отсуство), Љубе Митрејчевски, Добре Тодоровски, Елизабета Јончиќ, Петре Димовски (во отсуство), Весна Мундишевска Вејановска, м-р Сања Мучкајева Видановска, Биљана Т. Димко, проф. д-р Христо Петрески (во отсуство), Ванчо Полазаревски во (во отсуство), Јован Ѓуровски (во отсуство) и за прв пат Благој Поповски, Илче Стојановски, Биљана Тодоровска и Николина Ѓуровска (во



отсуство) и други на кои не им беа прифатени текстовите.

На почетокот воведен збор имаше директорот на Библиотеката, м-р Бојан Стефановски кој топло ги поздрави присутните и им заблагодари за присуството и покрај ситуацијата која не затекна со пандемијата. Организаторот и модератор на Средбата им се заблагодари за храброста на присутните, накратко образложувајќи ја причината за една ваква тема која произлезе од една ваква посебна ситуација во која се најдоа сите луѓе од целиот свет. Пред да почне средбата со едноминутно молчење му беше дадена почест на неодамна починатиот Петко Шипинкаровски кој беше постојан учесник на Средбата, доаѓајќи од Струга. (Организаторот, пред присутните, изнесе и кратка негова биографија).

Во поканата до битолските роднокрани автори беше дадено и кратко образложение за темата:

**Денешното време е време на голем технолошки напредок во кое светот е наречен „глобално село“. Истовремено, тоа е време на губење на човечките вредности, односно, меѓусебниот респект кај луѓето. Ве замолувам да го исклучите стравот кој се однесува на Првата и Втората светска војна, односно, да се концентрирате на денешното, или модерното време кое секако дека има врска и со традицијата и со целиот повоен период. Стравот на родителите предизвикан од сиромаштијата и невработеноста што се извор на неизвесна иднина на своите деца, како и стравот тие да не се препуштат на пороците, алкохолот и дрогата, предизвикуваат стрес кој се рефлектира во меѓусебното однесување на луѓето. Ако кон ова се додадат и стресовите предизвикани од дневно-политичките настани, како и епидемиите кои од време на време го потресуваат човештвото, тогаш е јасно дека, денес, живееме во страв за нашата лична егзистенција. Оттука, човекот очекува да биде заштитен од општествениот систем во кој живее на повеќе нивоа. Очевидно е дека светот врие во незадоволство не само од општествениот систем туку и од незнаењето за самите себе, а кое, сакале ние да признаеме, или не, преминува во револт на човекот кон моралните и етичките вредности. Воглавно, приоритет на денешниот човек е егзистенцијата при што се губи целта на духовните, односно есенцијалните морални и етички вредности кај човекот кои секојдневно ги гледаме преку љубомората, зависта, омразата, алчноста итн. Еден премногу евидентен пример е и нереспектот на младите кон постарите. Тука се и примерите на нереспектирање на хиерархијата на образовните нивоа, како и нивоата во работните односи и тн. Следат и оние кои го прекршуваат законот на повеќе начини, а најригорозни се крадењето, повредувањето и одземањето на човечките животи.**

По Средбата, на присутните им беше дадено по една мало внимание, нотес и стило. Со надеж дека повторно ќе се видиме на 16. **Роднокрајна средба.**

Биљана Т. Димко

# НЕПРАВДАТА ГО ЈАКНЕ ЧОВЕЧКИОТ УМ, КНИЖЕВНОСТА ГО ОБЛИКУВА СПОРЕД ТАКТОТ НА ВСЕЛЕНАТА



Еднаш ја распостелив и ја ветив младоста пред овој свет, тогаш бев млада и неука во болката, неписмена во мудроста која извира од трпеливоста, невина пред неправдата. Годините си го прават своето, спрегнати како на воденички камен постојано го мелат човека, да искуси се што можат да издржат неговите коски, а да не се предаде, еднаш еден човек ми даде еден едноставен совет: „Неправдата го зајакнува карактерот на човекот“.

Е, да. Еднаш ја распостелив младоста пред овој свет, за да соберам промена и благосостојба, но попусто, човечкиот род станал мевоугоден, плашлив, гневен, пакослив, малку недостига и јас да станам ко него.

Почнав телото да го учам на глад, си скратувам залаците, а пијам вода, велат гладот го остри умот. Дознав многу нешта.

Што е книжевноста?

За да ја разбереме силата и моќта на книжевноста, мора да разбереме и низа други настани кои се случуваат околу нас, а ние коишто сме заробени во рамките од сервисот на дневнополитичките препукувања, чии клетки се распаѓаат од се поголемото влијание и моќ на општествените глупави моќници за кои работат оние обичните ние кои секојдневно се бориме на нашите деца дома да им однесеме леб и млеко, е, во тоа општествено циркулирање нема место за книжевност, за нејзино создавање можеби, ама за рабирање, се потешко.

Книжевноста е маѓија, и колку е постара толку повеќе може да се научи од неа, бидејќи нејзиниот автор бил поблиску до исконскиот извор. Во конгломератите книжевност и природа се кријат сите одговори на нашите прашања за постоењето и смислата, за филозофијата на минливата материја .

Пишувањето, творењето, скупчувањето на мислите во опредметена форма мора да има некаква функција во ова наше животарење, исто како дишењето, хранењето, оплодувањето.

Оние кои се свесни за својата мисија во овој свет, чесно ќе одговорат: не можам да пишувам јас кога сакам и онака како што сакам, со часови сум седел/а и ништо не сум напишал/а, кога одеднаш некаде таму од мртва тишина од мене се одлепуваат роеви зборови...“

Тоа е таа вистина, без ГМО, нема брзање, нема пластифирање на мислата, туку таа по природниот тек се излива од изворот до таму каде што треба да стигне и таа е жива и има потреба да внесе бунт, да внесе потреба, промена, да соголи лага, да докаже аксиома, да одбрани некого, да усрами некого.

Денес постојано некој нешто пишува, ако, нека.

Хесе има едно нешто вакво речено - уметничкото дело нема потреба од одбрана, ако е квалитетно здраво -право со сите нишани тоа само ќе се одбрани во битката со времето и заборавот.

Постојано пишуваме, а престанавме да го разбираме напишаното. Книжевноста не треба само да сведочи за нечија умност умност и речовитост, треба и да кажува нешто, да порачува.

Зошто пишувам?

Во мојата рана младост неколкупати бев остро критикувана, омаловажувана по повод моето пишување, и од лутина си реков да се откажам и онака нема леб да се најадам од пишување, но тоа не оди така. Јас не барав, кога се родив да ме бива за пишување, а не за архитектура, сликање и сл. Пишувањето поезија е толку природно за мене.

Долги години истражувајќи ја духовната страна на човечкиот род наидов на такви духовни богатства така што кога решив да ги споделам со другите околу мене, повеќето ме истолкуваа ко луда, нереална. Се повлеков на одреден период, додека сите тие сознанија се калеја низ моето битие, и еден ден повеќе воопшто не ми беше важно туѓото мислење за моите духовни верувања.

Се осугурав што точно не знам, оти беше полесно и поверодостојно за пред себеси и ја објавив книгата поезија „По- штомување“.

Следново што ќе го напишам им е посветено на читателите на

книгата „Поштомување“:

„ Љубени мои, а во исто време имам и некоја одвртност кон вас, во исто време ми ја читате душата, ми го слушате крвотокот и ги одгатнувате моите совршно скриени недостатоци. Вие разбирате дека мојата речовитост е само благородно патење по моите исконски корени, јас не сакм да имам ништо со овој и во овој свет освен скоро враќање во лакот на вечноста, не сакам да му бидам угодничка не мевот, ниту да го попречам спонтаното стареење на кутијата на духот. Сакам да летам без пранги, сакам да дишам без опструкции, сакам да живеам сиромашно, ама среќно. Не се плашете за мене, јас ја открив траекторијата до себепронаоѓањето, осмелете се и вие, не дозволувајте да циркулирате ко азган ат околу плот, не им верувајте кога ви даваат вредност, тогаш ви ја покажуваат својата вреднсот, научете самите да се цените и проценувате, научете да дишете и да му упатувате благодарност на здивот. Поштомете се од хоризонтот на мевоугодниците и ќе научите дека се е минливо, а во минливоста е убавината, ако не мине зимата нема да дојде пролетта, а пролетта ја обојува природата во најжарките бои и мириси на плодовите. Поштомете ги желбите кои секојдневно ве навјасуваат благодарение на умно смислените реклами, скоро ништо од тоа што ви нудат не ви е потребно за полесен и послободен живот, тоа се нарекува шарена лага или урбано консумеризам. Итајте да ги љубите своите ближни, своите мажи, деца, жени ко да нема утре, оти и навистана можеби ќе нема и кога некој се обидува да ви го расипе денот – вие одговорете му со : „во право си“ и тргнете му се од патот, појдете по својата работа. Ова што ви го пишувам, знам, не е лесно, и не може веднаш, ама морате еднаш за да се ослободите од прангите на светот.“

Поезијата е бунт против светската неправда, а одбрана на божјата/вселенската, правда на универзумот.

Ветви соништа
развејани на врвот од небото
ги враќаат аршините на среќата.

Будењето боли чудно
како прв бакнеж
неспретен судир полн со очекувања. (Поштомување/Ветви соништа)

Ако треба пак да се родам,
ако треба да бирам што треба да бидам,
нека бидам височина и далечина.
Ако повторно се родиш ти,
те молам, биди небо или облак
и никогаш нема да се разделиме.   (Поштомување/ Посвета)

Ги изговорив чувствата
зборовите станаа преслаби
душата се засрами
од нивната неукост.   (Поштомување/Љубов)

Biljana Dimko

## INJUSTICE STRENGTHENS THE HUMAN MIND, LITERATURE SHAPES IT ACCORDING TO THE RYTHM OF THE UNIVERSE

Once I spread and promised my youth before this world, when I was young and ignorant in pain, illiterate in the wisdom that springs out from patience, innocent in the face of injustice. The years do their task, yoked in them the man is constantly grinded as if on a millstone, experiencing everything that his bones can withstand without giving up, once a man gave me a simple piece of advice: "Injustice strengthens the character of man."

Once I placed my youth before this world, in order to gather change and prosperity, but in vain, the human race has become stomach comforting, timid, angry, malicious, I don't lack much to become like it.

What is literature? Poetry is a rebellion against world injustice, and a defense of the divine / cosmic justice of the universe. Don't waste time loving your neighbors, your husbands, children, women as if there will be no tomorrow, for I believe, there won't be enough time, Thus, when someone tries to ruin your day - you answer him fast: "you are right" and get out of his way, mind your own business. What I am writing to you, I know, is not easy, and it can not be done immediately, but you must get rid of the shackles of the world once and for all.

Петре Димовски

# ВРЕМЕТО НЕ ГИ БРИШЕ ЧОВЕЧКИТЕ ВРЕДНОСТИ



Револт! Македонскиот речник зборот го појаснува како бунтување против нешто, негодување, а како синоними ги наведува бунт, немир.

Како писател, тој немир што го создава во мене падот на моралните и етичките вредности во нашето општество и пошироко во светот несомнено го предавам и кај ликовите од моите дела, препознатлив во нивното имагинарно делување. Падот на тие морални и етички вредности се изразува до таа мера што кај поединецот силно е присутно чувството на загрозеност на личната слобода и егзистенција.

Тоа продуцира револт, немир, несигурност кога се урива авторитетот на вредностите и истите подмолно се заменуваат со евтин сурогат.

За напредок треба да се ангажираат вредностите. Невредностите произведуваат револт. Една власт во своето владеење толку ќе биде успешна колку што ќе умее да го искористи вредносниот потенцијал акумулиран во државата.

Вредностите носат вредности и го анулираат револтот. Единствената законитост што води напред. Тоа е единствената вистина, друга вистина не постои. Универзумот е утврдена вредност,

заснована на законитоста. Законитоста е една. Не може да биде двојствена. Законитоста не познава отстапувања. Зависно од тепмературата, водата ќе ја измени својата агрегатна состојба. Врие на 100 степени. Смрзнува на нула. Никаде никогаш нема отстапување од таа законитост. Затоа нејзината состојба е стабилна.

Вредностите продуцираат вредности. Невредностите невредности. Нарушувањето на законитоста за нивното место во општеството доведува до револт.
Доволно е само низ својата меморија да ја раздиплеме листата на светот што го познаваме околу нас. Колкумина ќе најдеме со вредности, пред кои искажуваме восхит, а нивната позиција во општеството е на ниво и место кое не им овозможува да ги изразат. Или, тие со паднат морал и етичност ги откриваме на позиција од која ги шират своите невредности.

Низ целиот тек на моето творештво кај ликовите, во нивните карактерни црти, при нивното дејствување негативните особини се посочуваат, позитивните особини се афирмираат. Еве до каде оди моралниот пад на личноста, каде позицијата на вредностите што ги носат ликовите е заменета во скалата на работниот процес (во расказот „Замена“). Во стручната служба на фирмата, во соодветната дејност на својата специјалност се вработени двајца носители на титулата доктор на науки и нивната поставеност е таква што постојано се пресретнуваат низ процесот на работата каде треба и да се консултираат и да се надополнуваат за поуспешно извршување на работните задачи. Бушавиот, кому и најчесто му го забораваат роденото име, поведени од постојаната бушавост на неговата коса која не сака да се потчинува на неговото средување и Нискиот како антоним, кој за вистината е висок. Тие се со ист степен на прикажано образование, што е видливо и познато по доставените дипломи во архивата на службата, додека помеѓу нив има голема морална и етичка разлика кое нешто во овој степен од дејствието на расказот не е видливо, не е познато. И едниот и другиот зад себе во работата ја остава својата трага која се спојува со минатото и постанува минато, зашто сегашноста всушност е невидливата линија меѓу две половини од универзумот кој протекува низ таа линија. Нивната комуникација е рапава. Бушавиот има чувство дека Нискиот таи кон него прикриено непријателство. Го игнорира тој факт, придавајќи и афирмативност на соработката. А сè повеќе е известуван од свои колеги за однос на Нискиот кон него со нечесни намери. Најчесто во омаловажување на неговиот труд и неговите способности, но и случки на подмолни клевети. Дали е поведен од прикажувањата дека се скратува времето до реизбор на директор и во дискусиите низ службата тие двајцата се ставени како најсериозните кандидати за раководното место? Дејствува ли предвремено да ја тргне конкуренцијата од својот пат? А Бушавиот не искажал амбиции за раководно место.
Следното откритие го наведува на истражување. Во еден групен разговор, за да го задоволи љубопитството на еден колега, Кусиот кажува каква била атмосферата на предавањата кај еден професор за кој чуле и тие што не биле негови студенти.

Веднаш кај Бушавиот се отвори една измешана слика. Го нарече седиот старец а седиот старец беше сосема друга личност, и не од фелата на предавачите. Професорот за кого станува зборбеше млад, енергичен и амбициозен, ниту малку во сликата на дополнителните зборови што Кусиот ги кажа за него.

Тоа кај Бушавиот разбуди некакво нејасно размислување кое стежнато се префрли на односот на Нискиот кон него. Кој е мотивот што подаденото пријателство и соработка е заменето со завист и нетрпеливост? Одејќи по трагата по која го поведе нејасниот предизвик отвори сомнеж, а потоа и откритие кое му ја расветли сликата од настаните со Нискиот. Дали е негова работа тоа да го искаже кај раководството? Но, дилемата

брзо е разрешена. Бушавиот е повикан итно кај директорот. Директорот е вознемирен и растреперен од лутина. Директно му се заканува со суспензија. Кажува како од страна на Нискиот му се доставени податоци дека тајни од тековниот проект Бушавиот предал на конкурентска фирма. А Бушавиот смирено му кажува дека тоа е исто толкава лага колкава што е лагата за неговиот докторат. Докторската титула ја украл.

Ликовите од моите дела го носат тој револт во себе. Немирот што им го предавам додека го градам нивниот свет.

Или: Малко Јанин во расказот „Во трка за животот“, лик со автобиографски елементи, се соочува со натчовечки напори да ја добие таа битка на животот. Тој е маратонец и при една негова маратонска трка се пресретнува со голема опасност дека неговиот посакуван и дофатлив успех ќе доживее катастрофален пад под дејство на непосакувана околност, мотивиран од самоодржливоста, за да ја одбегне заканата што ќе му донесе пораз, ги извлекува од себе сите притаени сили и со натчовечки напори, истрошувајќи ги до последните атоми сила од себе, ја пресекува линијата која толку немилосрдно се заканила да му го попречи патот во неговиот животен обид да се надмине себеси и да ја постигне поставената животна цел. Расказот во 2019 година ја добива првата награда на анонимниот конкурс на весникот „Нова Македонија“, со образложение од комисијата дека расказот, кој се издвојува над другите, е напишан возбудливо, монтажно, како филмско сценарио, но со една подлабока порака што ја носи, порака за животната трка и трката со животот, и изобилува со прекрасна техника на раскажување.

Битката на моите ликови, во револт кон моралните и етичките вредности и немир од моралниот пад и дејствувањето на некој што замешал прсти за свлекување на патот кон непредвидливи препреки продолжува низ едно

вредности. А битката постојано се води меѓу доброто и злото за да победи доброто, меѓу Бог и ѓаволот за да му се оттргне превласта што ја заговара ѓаволот, меѓу вредностите и интригите за да се ослободи делото на човекот за доброто на светот. Јас верувам во борбата на моите ликови за победа на доброто над злото.

И, верувам и во вредностите. Единствено во вредностите, затоа што нив времето не може да ги избрише.

Во романот „Изгубен пат" се случува сцена каде ликот Симона е во калкулација на нејзиниот раководител во работниот процес. Нејзиниот маж Григорие исчезнува ненадејно и оставена е сама со штотуку родената Стефанија, на немилост на суровоста од времето. Таа ситуација му угодува на алчната пострвеност на нејзиниот раководител кон нејзиното тело и на сите можни начини настојува да ја разоружа и совлада во нејзината љубов кон изгубениот партнер низ животот, сфаќајќи дека покрај што и е љубов, и бил целосна заштита од неразоткриените предатори кои се движат низ нејзиниот простор. Раководителот навалува, убеден во својата замисла и моќ како претпоставен и како мажјак дека ќе го победи и совлада нејзиното одбивно настапување, свесен дека целосно владее над нејзината судбина и немоќ, зависна од работата и од неговата волја.

Кога доаѓа времето да го добие побаруваниот кредит, кој законски и следува, а од кој има неодложна потреба во нејзината цел со тие пари да отпатува во земја каде има сознанија и укажувања дека е виден Григорие а дека поради еден настан во кој е затекнат и вклучен во одбрана на нападнатата жртва, е пребеган. Од крадци дрогаши нападнати се девојка и нејзиниот пријател а тоа се случува на патот по кој оди Григорие кон породилното одделение на болницата во посета на сопругата Симона и новороденото дете. Неможејќи да остане рамнодушен при тој напад и да го продолжи патот кон својата цел, решава да се замеша. Во него се јавува еден револт кон напаѓачите и јурнува да им помогне на нападнатите. Спасувајќи ја девојката добива разорен удар од напаѓачите при што ја губи свеста. По освестувањето, откривајќи се во помешана состојба на претепани и раскрвавени, а исплашен во нејасноста од настанот каде амнезијата му го затвора пробивот до вистината, прогонет од стравот дека можеби станал убиец, се решава на бегство и сокривање во друга земја Симона од сведоштвото на нападнатата девојка ја знае вистината дека Григорие се вмешал во настанот како заштитник и не сноси одговорност за нечија повреда туку само благодарност од таа девојка на која и помогнал,

ама нема начин и пат да ја пренесе вистината до Григорие и да го спаси од неговиот сомнеж и страв, кои се очигледни во неговата реакција на бегство. Раководителот го препознава вистинскиот миг за напад, кога жртвата, во својата зависност сосема е немоќна за спротивставување и одбивање на неговиот поход кон посакуваната цел. Сцената на претпотпишувањето на договорот со кој Симона треба да го добие потребниот кредит трае, низ која раководителот дејствува, убеден дека е сѐ поблиску кон остварувањето, а немирот кај Симона, кој во една интензивна градација нараснува во револт и бунт против злото што и се заканува да и ја одземе посакуваната среќа, од нападната и жртва станува напаѓач и владетел на ситуацијата. Претходно упатена дека во фиоката на бирото, на кое е соборена од раководителот во намера да и го одземе тоа што е нејзина чест и живот се дофаќа за пиштолот и – пука.

Ми се наметнува и атмосферата од животот меѓу кориците од романот „Светлина во празнината“ каде тој врие од дејствието на ликовите. Тука е Дина, ученичката Дина, главниот лик во книгата. Се движи низ еден преломен период, по работ над долината од провалијата кој го раскрстува патот каде од детството треба да премине кон возраста. Тогаш се случува пад на животниот свет во нејзиното семејство, двајцата родители ја губат работата затоа што претпријатијата во кои до тогаш работеле паѓаат под стечај. Тие стануваат стечајци. Дина тоне меѓу желбите и можностите и ја губи ориентацијата на својот пат, оптоварена со немирот и револтот што го произведува животот во семејство на стечајци. Бегајќи од таа реалност, се сопнува на големата пречка на патот што ја создава измамата и многу брзо се навлекува на дрога. Дали ќе потоне или ќе исплива од матната вода која забрзано ја понесува кон провалијата, без да може да се искаче кон страната кон која се стремела во досег на возраста?

Филозофот, кој се чини единствено од училишниот свет ја сфаќа и прифаќа со сета нејзина реалност, настојува да ја следи, да ја поддржува и насочува низ нејзините дилеми, низ револтот и бесот, сознанието и желбата, стравот и помамата, убедена во своето убедување дека во секое време може да и откаже љубов на дрогата, но таков чекор не презема се до мигот кога, по долги следења, совети и насочувања својот талент да го искаже во песна, читајќи ги своите стихови пред Филозофот, се искажува дека повторно почнува да го чувствува животот и дека до неа допрела блескотна светлина од празнината. Револтот, бунтот, немирот кон состојбите што ги опкружуваат се присутни уште кај многу ликови од моите прозни дела.

Petre Dimovski

## TIME DOES NOT ERASE THE HUMAN VALUES

For any development, values need to be engaged. At the same time values could produce revolt. A successful government depends on its capacity to use the value potential accumulated in the country. Values carry values and nullify the revolt. Such is the law of nature which leads to betterment of mankind. It is the only truth, there is no other truth. The Universe is a confirmed value. The universal value is one without a second. Depending on the temperature, the water will change its state. Boil at 100 degrees. Freezes under zero. This law of nature is always the same. That is why her condition is stable.

The battle is constantly fought between good and evil for defeat of the evil, between God and the devil for controlling the power that the devil advocates, between values and intrigue to free the work of man for the good of the world. I believe in the struggle of my characters for the victory of good over evil. And I believe in values. Only in values, because time can not erase them.

Revolt, rebellion, unrest towards the conditions that surround them are present in many characters of my prose works.

Јован Ѓуровски

## ВРЕМЕ НА ОТТУЃУВАЊЕ И ОД НАЈБЛИСКИОТ



Уште во почетокот на моето искажување чуствувам потреба да кажам нешто за темата предложена од организаторот на средбава. Темата си е на место; сеопфатна и актуелна.

Забелешката е во мене: еден наслов е за прозаистите,а друг за поетите! Но,ова не го сметам за некоја грешка кај предлагачот на насловот, туку во моето искажување по одредена тема. Имено:

Според начинот на кој ги искажувам моите мисли,чувства и идеи, нема некоја битна разлика со поетите. Зошто?

Скоро во сите мои романи-прозни дела, присутен е како раскажувач или главен лик-Даскалот во кого го препознаваат авторот, и тоа оние читатели кои добро ме знаат мене како човек, пријател, роднина, учител, писател и.т.н. Овој лик јас најдобро го познавам, а тој не е исклучителна личност, ами: интелектуалец кој добро го познава животот во современото општево на луѓето во одреден општевен систем. Може да се рече дека Даскалот е човек од „средна“ класа: нити богат, но нити сиромав за да го гледа животот од овој агол, субејктивно, туку реално, објективно. Затоа мислам дека јас сум „поет“ и во моите прозни дела, само што моите мисли, чувства, идеи ги искажувам во проза, а не во стихови. По тој начин на искажување се разликувам од другите литературни творци. Дали сум го избрал добриот или лошиот начин на искажување, не е мое да оценам; тоа го оставам да го кажам моите читатели, а овде сакам да исткакнам дека за мене не е значајно како ќе

се насловува темата: револтот е во мене како прозаист,како и кај поетот.

А сега за револтот на Даскалот кон човечките вредности во моите романи,но и не само неговиот, туку и на другите околу него. Тој не живееше сам во планина, одделен од народот и луѓето!

Даскалот иако рекол е против: омразата, неморалот, ниските човечки страсти, алчноста за било каква корист, сексот без љубов, крадењето, лажењето, убивањето, неправдата,
искористувањето на положбат за свои цели, искористувањето на туѓиот труд,омаловажувањето и ред друг о собини спротивни на: верата, љубовта, надежта...Но, во животот на човекот мора да има и човечки невредности за да знаеме што е вредно, а што..невредно, срамно, штетно, болно, нехумано, неправедно и.т.н.

Човечките вредности ги прокламирам да речеме, Синот Божиј, Христос, ама Бог ги создал, измислил човечките невредности. Заради тоа и Христот бил распнат на крст од луѓето што имале во себе спротивни вредности од неговите. Даскалот „едноумието"во претходниот општевен систем не го осудува толку многу, ако се има предвид погоре реченото за Господ и Христос; најпаметниот треба да се слуша и почитува!

Главниот лик во моите дела проживеа во два општествени система: социјализмот и „хуманиот" капитализам-модерното време, ова современие. Тој како просветно лице, педагог и воспитувач, беше и повикан да ги пренесува човечките вредности врз своите ученици и луѓето околу него. Најмалку, и оние вредности и невредности кои ги прокламираше одредениот сиситем. Негативностите ги осудува, бидејќи ги доживува и врз себе. Но, не само врз себе!Ама во претходниот општевен сиситем, можеше и се докажуваше неправдата сторена со злоупотребата врз поединецот од страна на општевото.

Човештвото отсекогаш се борело за правда, за човечките вредности да се практикуваат меѓу луѓето. Секој нов општевен сиситем е створен, издејствуван затоа што носителите на тој нов систем ветувале подобри човечки вредности, подобар и похуман живот.

Во родното село на Даскалот, со настапувањето на социјализмот, сите селани, сите домаќинства биле скоро исти по богатство и сиромаштија... стадо од дваесеттина овци, по некој крупен добиток, едно свинче, бавча, нива за жито и.т.н.Ако некој од селото правел куќа, сите мажи од тоа село, со свој ѕевгар, оделе да му довлечкаат греди од планината, бесплатно од хуманост. Се

прави ли свадба, цело село е на таа свадба:еден живот без завист, љубомора, ами во љубов, почит, задоволство од човечки вредности.

Во тој почеток на новиот општествен систем, се тргна со маркистичко сфакање на религијата, дека таа е „опиум“ за народот и дека таа е оружје на власта за да го искористува и држи во покорност тој народ. Бидејќи кај нас и во светот, никој научноне докажал дека постои или не Бог, се остави на тоа: кој како сака нека ја третира верата во Бога!

Даскалот го прифаќа ваквото однесување на сиситемот кон религијата како што го сфаќа и „братството и единството“ како човечка особина и вредност.

Сегашниот систем, на голема врата ја врати религијата, дури и во училиштата. За Даскалот тое е одење „нанапред со назадгазум“ тој не може да го замисли Бог како старец, бесмртен, кој живее на небото и за сé живо и неживо на земјата, запишува и одредува судбина. Но, не ја исклучува можноста дека тоа го прави природата. Неговиот мозок не може да смисли и многу нешта што човекот ги измислил, а сепак ги има.
Затоа тој е за она од претходниот систем: кој како сака нека верува во Бога, но не да ја употрбува религијата во корист на владеењето со народот. Сега, како никогаш до сега, се градат цркви, манастири, џамии па дури и таму каде нема луѓе; се иселени во градовите или странство. Место да се посветува внимание и вложува за подобар живот на народот: во обрзование, здравство, фабрики, а не во „молитви“ за подобар и среќен живот.

Во обрзованието: веќе ретко има ученици кои го повторуваат одделението, класот или одат на полагање по оној наставен предмет по кој покажале слаб успех, а оние кои завршуваат факултет, сите стануваат и доктори на наука. А од друга страна, сме оценети
како слабо писмена нација во светот. Затоа Даскалот мисли дека учениците, студентите, посдипломците, не полагаат на испитите, туку паѓаат човечките вредности.

Нашата татковина од земјоделско-сточарска земја стана индустриска. Селаните се преселуваат во градовите за полесна работа. Повеќето бараат подобар живот и во странство. Потешка работа и е работат, но поплатена!

Се отпочна со практикување на лажен патриотизам: се иселувам затоа што ја „сакам“ татковината! Даскалот го тврди спротивното: нема патриоти, ниту патриотизам во непотребна и неокупирана земја од туѓ окупатор. Патриотизмот и национализмот се лажни вредности. биле човечки лажни вредности. биле човечки вредности некогаш, во деветнаести век, но не и сега!

Сегашното одење во страство е револт кон општествениот систем кој не води сметка за вработувањето. Конкурсот за прием на одредно работно место е чиста формалност! Лицето, профилот што се бара по конкурсот или веќе работи на тоа работно место одамна, или и е избрано по блискот со власта или нејзина наредба. А во претходниот систем си имаше критериуми, тој се прикажуваше. Се спроведуваше и акција за вработување ( години на чекање, стаж и образование). А, сега, иако во претходниот систем имало нешто добро, се отфрла, заради, „едноумието". Секој ќе рече дека Даскалот е југоносталгичар, а тој вели и пишува: „А кој не е?! Сите сакаме да бидиме во Европска унија! Значи, во поголема заедница! Па ние бевме во поголема држава! Тоа значи дека тогаш ни било подобро! Значи и другите се како мене-носталгичари за нешто што било подобро, посилно, поправедно општество!"

Даскалот доживува и непочитување од своите наследници. Образувајќи ги и воспитувајќи ги туѓите деца не успева своите да ги оспособи и стави на ценети работни места. Негови ученици станаа директори, функционери, бидејќи нивните родители имаа јаки врски. Тој со една просветарска плата, не им овозможи луксузен живот, нити материјално богатство.Како да го почитуваат и респектираат?!А не сакаше ни во странство да ги испрати! Него, претходниот систем, бесплатно го образуваше, од училишните клупи, го вработи, му помогна во решавањето на станбеното прашање, а новиот систем за неговите деца, ни со прст не мрдна: какви „врски" можел да има еден обичен просветен работник! Родителите на тие деца кои ги учел тој, барале помош од него, а не тој од нив. Но, сега, како пензионер е принуден да ги моли, да коленичи пред бизнисмени, а некогашни негови ученици, а ги учел да имаат човечки вредности. Сега, во новото време, дури и тој самиот ги изгубил!

Неможејќи да ги сфати „патриотите", нововерниците во Бога, а дури и негови верници кои ги гледа како се крстат минувајќи покрај црква која е оддалечена со километри далеку од него, бега од градот и заедно со сопругата живее во испуастеното Мариово. Таму наоѓа „поголема" свест кај домашните миленичиња, отколку кај некои луѓе кои за него, станале нелуѓе.

Во моите романи има: алкохоличари, слободни жени и мажи, мобинг на работно место од претпоставениот, алчност за пари и богатство, лесен и раскошен живот, но сите тие во себе имаат оправдание зошто тоа го прават: најчесто друг е виновен за нивната „слабост" или самиот општествен систем тоа им го овозможува да практикуваат такви човечки вредности. Скоро сите тие завршуваат кобно, но не се казнети од Бога. „Судбината не доаѓа

самата од себе, туку е предизвикана од самиот човек“-ќе рече Даскалот и ќе додаде: „Човештвото само си го копа својот гроб. Место да се опаметува, тоа се распаметува, побудалува!“



Jovan Gjurovski

## TIME OF ALIENATION FROM OTHERS

In accordance with the way I express my thoughts, feelings and ideas, There is no significant difference with the poets. Why? In almost all my novels-prose works, my main character – Daskalot, in whom the author is recognized, is present as a narrator. I know this character best, and he is not an exceptional person, but an intellectual who knows the life well living in both the past socialist society and today in the modern society. It can be said that Daskalot is a man of the "middle" class: neither rich nor poor which enabled him to look at life not subjectively, but realistically, objectively. This is the reason why I say that I am a "poet" who, in his prose works expresses his thoughts, feelings, ideas in prose, and not in verses.

The Son of God, Christ, proclaimed the human values, but God also created the human weaknesses.

In my novels there are: alcoholics, single women and men, mobbing at the work place by a superior, greed for money and wealth, easy and lavish life, but they all have a reason for being or doing so: they often blame someone else or the social system itself for their "weakness". Almost all of them end disastrously, punished by themselves, not by God, "fate does not come by itself, but is caused by man himself," says Daskalot, adding: "mankind only digs its own grave. Instead of getting smarter, it gets crazier! "

Николина Ѓуровска

## РЕВОЛТОТ НАД ЖЕЛБАТА



Кога станува збор за револт, јас лично го доживувам внатре во мене, го чувствувам гледајќи ја секоја неправда во опшеството која на нас младите ни го стеснува патот до успехот и ни ја гаси и последната капка надеж што останала во нас.

Во моите стихови,
„Револт за вложениот труд,
кој залудно се удавил,
зошто јаболкото било „поголемо“ од дрвото,
зошто животните „зборувале“ подобро од луѓето,
зошто надежта„ умрела “пред да се роди желбата.“
изразувам преголема количина на револт. Револтот кон изгубените критериуми за оценување на човековите вредности не е само во мене, тој е во сите млади луѓе кои се стремат кон успех, а се отфрлени и незабележени од „завесата“ на материјалното богатство која создава нееднаквост на високи и ниски „кругови“ во нашето општество.

Човечките вредности се заменети со преголема доза на неморал и лажни вредности кои секој ги чувствува на своја кожа без разлика во која доба од животот, но никој не сака прв да каже „не“ на ова лажно време-невреме:
„И да, знаеме како,
но куферот е полесен од тежината на желбата,
границата е пократка од должината на надежта!“
Куферот ја претставува симболиката на туѓината која не ми доаѓа или не ми доаѓаше на памет во замена за нашата земја, за ова наше парче-рај, за сите убавини, спомени, за цена на нашето детство,за цена на детските игри, за цена

на крвавите коленици и за желбата која тежи еден тон мечти за иднината наша,за да створиме свои семејства,за да го зборуваме нашиот јазик, за да дишиме љубов, за да живееме среќно.

Револтот е голем, преголем. Тој не згаснува, него го распламнуваат неправдите. Но ајде, јас ќе бидам прва, ќе кажам „не“ за секоја неправда, ќе викнам гласно, ќе се борам со зборови, не со крв!

Нека револтот внатре во вас, биде ѕвезда водилка за подобро утре,за спас на човештвото!

**Револтот над желбата**

Млади сме,
како младата месечина
за време на синодична револуција
која трае и трае!
Нашите лица,
светли и полни со надеж
чекорат силно,
мислат гласно,
го изразуваат револтот бесно!
Го сакаме денот,
светол и динамичен
како нашата крв,
онаа што врие дено-ноќно,
онаа која сака да излезе од вените,
онаа истата што пламнува зад секој пораз,
онаа револтирана и бесна,
која сонува за живот на светло,
за живот преку денот,
за живот без страв и покор!
Но нашите лица светнуваат пред заоѓање,
среќата ја собираме со луѓето што ги сакаме,
а трудот ни се дави во жива кал!
Живееме, светнуваме секој ден со беспрекорна светлина,
гласни сме,се трудиме.
гориме од желба за подобро утре,
но желбата се гасни од револтот!
Револт за вложениот труд,

кој залудно се удавил,
зошто јаболкото било „поголемо“од дрвото,
зошто животните „зборувале“ подобро од луѓето,
зошто надежта„ умрила“пред да се роди желбата!!
Срцето ни чука силно,
очите гледаат,а не веруваат,
револтот гори во нас,
во нашата душа,
во желбата за успех!
И да,знаеме како,
но куферот е полесен од тежината на желбата,
границата е пократка од должината на надежта!
Секоја година го славиме оној ден,
оној кога сме блеснале
во шаренилото од валкани души,
со пократок список на луѓето што ги сакаме.
А ќе се прашаме зошто?
Затоа што споменот за минатото
ја гази желбата за иднината,
затоа што луѓето блиски до срцево
немаат ни куфер,
а не желба,
немаат услов за нив,
а не за бисерчиња,
што скапоцени камења еден ден ќе бидат!
Далеку од срцево ми бегаат,
опстанок бараат,
на туѓината злато им подаруваат
што наше требаше да е,
кај нас да свети,
како сонце да го гледаме!
Ех,мој револту
не знаеш за крај!
Застани еднаш,
закопај се во место,
дај ми да живеам без мисла за поразот,
дај ми да те заменам со среќа,
дојди стопли срце,

биди тука, но немој да беснееш!
Нека се врати среќата,
нека дојде добрината
да ја почувствувам,
барем уште еднаш.
Р'ѓата од срцево нека се избрише,
траг да нема,душата да и згасне!
Плачам и вриштам
внатре во мене,
за изгубените пријатели,
тие во туѓина
каде живеат и создаваат
оно што требаше овде да е!
Капка надеж не остана,
револту,ти,ти ја проголта,
сама ме остави,
да беснеам во себе,
сама ме остави,
месечевата светилина да ја гледам,
а да не можам да ја допрам!
Покрај вода да бидам,
вода да немам!
Болка со вресок да лечам,
очи да затворам,
живот да не видам!!

Nikolina Gjurovska

**REVOLT OVER DESIRE**

When we talk about the revolt, I personally experience it inside me, I feel it looking at every injustice in society that narrows the path to success, for us, the young people that extinguishes the last drop of hope left in us. In my verses,
“Revolt for the hard work,
who drowned in vain,
why was the apple "bigger" than the tree,
why animals "spoke" better than humans,
why hope "died" before the desire was born. "

I express too much revolt. The revolt against the lost criteria for evaluating the human values is not only in me, it is in all the young people who strive for success, and are rejected and unnoticed by the "curtain" of the material wealth that creates inequality of high and low "circles" in our society.

Human values have been replaced by an overdose of immorality and false values that everyone feels on one's own skin no matter in what age of life, but no one wants to be the first to say "no" to this false storm:
"Even if we knew how,
the suitcase is lighter than the weight of desire,
the limit is shorter than the length of hope!"

Елизабета Јончиќ

## УСЛОВЕНАТА ПОТРЕБА И ТРПЕЛИВОСТ, БУНТ И ОХРАБРУВАЊЕ НА ПОЕТОТ ВО МЕНЕ



Општествената појава на колективен страв предизвикан од фобија на пандемијата Ковид 19 во сите ја разбранува рамнодушноста. Не оставајќи никого без разбранувани емоции едноставно не притисна како бранот зрната песок. Не стави во една вкочанета слика на којашто рамките ги искршија светските граници, а од тој крш изникнаа јазици од коишто моравме секојдневно да слушаме таблици за множење, бедни образложенија за човечката беспомошност и строги препораки. Луѓето се повлекоа во интеракција со со системот за да се изборат со сопствената вознемирена психичка активност во обид да ги заштитат најблиските, себеси и општеството. На преминот помеѓу денот и ноќта:

„Улиците се празни,
и светилките се кријат во мракот,
над градот се спушта самракот
и ноќта гордо чекори кон пиедесталот.

Улиците се празни,
се крчка варивото на стравот
од згрчениот крик на птиците
од жалното цимолкање на уличните пци.

Улиците се празни.
Ја голтаат сцената од хорор филм
за виртуозно да ја изблујат врз нас

во некој чуден вкочанет и осамен такт.

Улиците се празни.
Небото пурпурно полека стиска одозгора
Ослободувајќи ја вкочанетоста,
рожбата на стравот.“

Заробени помеѓу стварноста и привидот сите на некој начин се чувствуваме принудени да го најдеме излезот од „пештерата“ и да ги искршиме прангите на стравот и ограничувањето. Окована во потребите на општественото суштество – човек, се стремиме кон трпеливост на туѓите ставови и мислења наметнати во секојдневието. Ваквата долготрајна, навидум едноставна врска **потреба – трпеливост**, зачекорува кон повисока делница – **бунт и охрабрување.** Овој факт го одредува чувството на незадоволство во луѓето и на некој начин ја поткопува границата на моралниот животен стандард. Во тој момент не можам, а да не се потсетам на зборовите на Платон „ сите морални стандарди се релативни и зависат од времето, местото , народот, па дури и од човек до човек“. Оваа релативност ни ги отвори очите во посочените зависности, а најмногу во односите човек до човек. Стравот како сурово да се задомаќини низ туѓите непријатни искуства во индивидуалниот праг на свеста. Фобијата се вкорени неверојатно лошо со систематска маскираност. Се оддалечивме не само од луѓето, туку и од себеси на некој начин. Потонати во стравот како заштитен психо-физиолошки комплекс во услови кога животните процеси треба да се преточат во општа хипервнимателност, социјална изолација и поттиснување на принципите на постојаност, се јавува сушта спротивност во разумот. Поетот во мене низ бунтот го бара отказот како заштита за неподносливата сурова реалност:

„Се откажувам од неубави вести!
За нив немам слух, не ги разбирам убаво...
Нивното значење за мене е грев.
Се откажувам од тага и од солзите нејзини!
За нив немам дел, нивното значење за мене е долг...
Се откажувам од злоба и од сите нејзини ликови!
За нив немам вид, нивното значење за мене е поход...
Се откажувам од мачнини, од сите натрупани тежини!
За нив немам грб, нивното значење за мене е блуд...
Се откажувам од болести и сите нивни болештиње
За нив немам дом, нивното значење за мене е стрв...“

Од песната „Отказ“ , “Неука Филозофија“

Тоа е бунт против првата недоверба потреба – трпеливост којашто и здраворазумно се вплеткува во размисла: Дали едноставно треба да се стави крај на свирепото одомаќинување на стравот како условена или пак за него да се размислува како општествено-колективна патолошка реакција? Реакција што ни ја стави на тест реалноста, и под принуда ја раздрма непоколебливоста и накалеми нови стравови. Стравови за неопходното преуредување на начинот со којшто ги оствconfigуваме своите потреби. Уништувачко уривање на навиките. Поетот во мене се потсетува што забележал Фридрих Ниче во книгата „Волја за моќ“ – „Прекумерната работа, прекумерната љубопитност и симпатија – тоа се нашите современи пороци“, дури и еден век подоцна овие пороци сеуште се современи... Сите ние бркајќи се со времето за да ги оствариме своите потреби низ прекумерна задушувачка работа, прекумерното интересирање за стекнување нови знаења, искуства и вредности, станувајќи робови на навиките, незабележливо тонеме во најнепристапните неизвесности. Оваа забелешка ставена на делницата бунт и охрабрување доследно ја следи идејата за раскоренување на намерно или ненамерно поставените опструкции. Творечката способност на умот живнува низ кругот на емотивните искуства и ја бара слободата на издигнување на духот, со целосно отстранување на сите непријатни искуства охрабрувајќи се преку песната кон воздигнување и видоизменување на стравот во безусловна љубов.

„Му се восхитувам на генијот
за беспрекорноста на делото,
сенката на планината ја претворил во песна,
игриви ноти , уште поигрива мелодија,
чиниш сонцето изгрева,
па не се плашиш, да не затаиш,
иако си измамен од смислата,
иако си збунет од мелодијата,
под тежината на сенката со чувствата...
Илузијата
и човекот го прераѓа... “
Од песната „Илузија“, „Неука филозофија“

Видоизменувањето на несаканиот објект страв, ја отвора ризницата на идеи управувана од внатрешните таленти и севкупните надворешни услови. Тоа е будење од длабочините на стравот во една прекумерна ентузијастичка чистота на волно контролирани сили на разумот. Можеби тоа навидум изгледа како интелектуална некоректност, но си има исклучителна убавина.

Треба да се почитуваат и празните места во текстот. А стравот да се сфати како импулс што сам си го раскинува јаремот и се вреднува како имагинативно јадро. Познатиот француски психолог Теодул Рибо ја забележал за стравот следната мисла: „Кај многу луѓе отсуството на страв претставува само отсуство на имагинација“ Оваа мисла го прави поверодостојно и моето лично убедување, го потхранува мојот бунт, ми вдахнува нова сила за суштинската карактеристика во убедувањето. Со проникната предаденост на имагинативното јадро секој поединец да се охрабри да го победи стравот занемарувајќи ги неговите ограничувачки особини и со убава мисла да се понесе кон издигнување и облагородување на духовната моќ и позитивниот мисловен процес.

„Плот тваree, Вода живее, Оган дивее...
Јас сум ѕверот на твоето слепило.
Јас сум твојот затворен пат без предизвици.
Безглав пат, нема дестинација.
Убиец на прогледувањето низ прсти.
Јас сум твојот страв и наведната глава.
Неспокој и муза.
Остри ти се очите - сечила над кревка нишка!
А бледнее погледот ко милост над челад,
потомок од безусловна зависност.
Не се плашам.
Отсонуван ми е стравот над засводен мост
Кај што патот е осветлен со сив бисер грижи
господари на колективната тмурност.
Во огнено гнездо дивее ветрот!
Од вода и плот се нахранил слатко
Но усните жили испружени цврсто
Р’жат со здивот надмоќна снажност!
Скалила чувства се тресат под неговото ропство.
И срцето раѓа ужасна прошка
Ја пијат косачите на гневот од гревот.“

„Вода, Плот и Оган“ од истоимената збирка поезија

Elizabeta Yonchic

## CONDITIONAL NEED AND PATIENCE, REBELLION AND ENCOURAGEMENT OF THE POET IN ME

The social outbreak of collective fear caused by the phobia of the Covid 19 pandemic virus has stirring up indifference in all of us lately. Leaving no one without emotional turmoil, he simply pushed us like a huge wave pushing the sand. People have withdrawn to interact with the system to cope up with their own anxious psychic activity in an attempt to protect their loved ones, themselves and society. At the transition between day and night:

"The streets are empty.
The purple sky is slowly pressing from above
Releasing numbness,
the offspring of fear. "

Trapped between reality and illusion, we all somehow feel compelled to find a way out of the "cave" and break the shackles of fear and the limitation. Chained to the needs of the social being - man, we strive for patience towards other people's views and opinions imposed on us in everyday life.

The creative ability of the mind revives through the circle of emotional experiences and seeks the freedom of the elevating spirit, by completely removing all unpleasant experiences, encouraging itself through the song towards the upliftment and change of fear into unconditional love.

Академик Владимир Костов

# ANGELUS



Почитуван м-р Бојан Стефановски, директор на Универзитетската библиотека „Св. Климент Охридски“ – Битола; почитуван д-р Николче Вељановски, организатор на „Роднокрајната средба на битолските писатели“; почитувани колеги по перо, присутни на нашата Петнаесетта роднокрајна средба, дозволете ми топло и срдечно да Ве поздравам и да Ве уверам дека со мислите ќе бидам со вас, но, за жал, не и својата физичка подобија (на (на ќелемузе) од причина што болен сум јас, што без болест, болен си лежам“. – Болест чиј вирус, непознат за бактериолозите, ги напаѓа писателите кои перманентно кои перманентно се во потрага по смислата на своето творештво. Што се однесува до авторот на ова обраќање, тој може да го искаже своето прифаќање на предложената тема за средбата на битолските роднокрајни писатели: „Моите ликови  - од страв и немоќ во револт кон човечките вредности“. Во потполност ги уважувам и тезите тезите во врска со неа кои, од своја страна, се совпаѓаат со тематските преокупации на авторот на овој напис, подведени под неговата критичка визура. Бидејќи обидот да го сумирам во еден текст мојот опус од енциклопедиски карактер и размер, му излезе неуспешен, дојде на идеја, тоа да го стори со презентација на негови текстови кои, кои како белетристички (наративно), така и теоретски се остварени како етиди.

Таквите текстови се содржат во книгата „Хераклејски мозаик“, која претставува зборник од 151 новелети кон кои се приклучени и уште 52 новелети во книгата „Хераклејски мозаик – додаток“.

Почитуван Николче, нивните имиња ги наведов во едно писмо до Вас, доставено на шалтерот на Библиотеката на 10.09.2020 г. но, меѓувремено го променив изборот, така што конечниот избор се состои од

новелетите кои ги наведувам подолу:

I „Умирање на Бог“ (- Хер. моз.“ стр. 409) (Култ на личност);
II „Котле“ (- Хер. моз. - додаток“ стр. 133);
III „Интересна работа“ (- Хер. моз. - додаток“ стр. 25) ( );
IV „Клин-чорба“ (- Хер. моз.“ стр. 284) (Плурализам);
V „А бре, Сребре“ (- Хер. моз.“ стр. 114) (Дијаспора);
VI „Мина-расказ“ (- Хер. моз.“ стр. 673) (Гастарбајтери);
VII „Магарштилак“ (- Хер. моз. “ стр. 422) (Хипокризија на парламентаризмот);
VIII „Иљо“ (- Хер. моз. - додаток“ стр. 125) (Рецидив на мотивот „љубов до смрт“ како реакција на „придобивките“ на „Сексуалната револуција“);
IX „Angelus“ (- Хер. моз.“ стр. 129) (Според истоимената песна на Силвие Крањчевиќ чиј наслов треба да фигурира и како наслов наприлогот од авторот кон нашата Средба).

Во подготовка за изведба, предложените творби, од страна на Организаторот можат да бидат хевристички предадени, редуцирани и со промена на нивниот редослед.

Го завршувам ова мое обраќање со желба „Петнаесеттата средба на роднокрајните писатели од Битола“ да заврши со успех.

Со почит,

Владимир Костов

Academician Vladimir Kostov

# ANGELUS

As for the author of this addressing, he can express his acceptance of the proposed topic for the meeting of Bitola homeland writers: "My characters - from fear and powerlessness in revolt against the human values." I fully respect the theses about it which, in turn, coincide with the thematic preoccupations of the author of this article, brought under his critical vision.

Since the attempt to summarize in one text my work of encyclopedic character and size, failed, he came up with an idea to do so by presenting his texts which, both fictional (narrative) and theoretically has been realized as etudes.

Such texts are contained in the book "Heraclea Mosaic", which is a collection of 151 novels to which another 52 novels are attached in the book "Heraclea Mosaic - Supplement":

Никола Кочовски

## ОД ЖЕД ДО УБИСТВО



Двајцата војници на српската војска, Србин и Македонец, заскитани со денови по планината по уништувањето на нивната борбена единица во катастрофален борбен јуриш, убиваат здогледан дезертер од бугарската војска. Го посочувам извадоков од расказот со мотив од крајот на Првата светска војна кај нас, зашто во овој текст гледам битна врска со темата на овогодишната средба на писателите од Битола, денешни и некогашни битолчани. Со извадоков, целта ми беше да се задржам на проблемот која е причината за тоа убивање решаваат двајцата всушност уште пред да ја забележат матарката на него: Дали самоодбрана, по тешката измаченост од глад, жега,од докрајченост на човечката издржливост? Дали од страв од денонокниот демнеж на смртта, најпосле и во состојба на изгубеничката нивна осаменост и заскитаност? Дали не било тпоа поради навика, состојба која се задржала веќе како единствена човечка теорија, што завладеала во душите низ долготрајните, секојдневни колежи. Дали, пак, не се содржи вистината, по извесен дел, во сиве овие неколку прашања? И особено прашањето: свесни биле, во време на извршувањето, дека војната ги отчовечува луѓето, ги прави крвожедни, за што многу трагично вистинит пример обработувавме со учениците, во старите читанки – тоа беше незаборавниот, релативно мал, но потресен расказ под наслов „А јас сега така ќе останам сам", од словеначкиот писател Мишко Крањец. Беше тоа навистина многу свечен, голем час на вистината.

Од расказот „Високо под Кајмакчалан"

Седум дена. Мугра. и потоа ново, брзо припечувано утро.

Залудни помислувања како да се дојде до капка вода.

Ни очите веќе не гледаат добро, како да сеќава Стојан: Само малку ако се подадеш зад каменот, па било на која страна, гледаш, како кукли: војници во темникаво-жолто, стражари, патроли ≠ и сите чиниш во тебе гледаат...

Помислува човек на домашните, дали ќе ги види? Но најпосле, веќе слабее долго одржуванарта надеж. А и здравјето веќе слабее.

Телото лабавее, е с¡ понепослушно.

Каков е едниот, не е подобар ни другиот.
Србинот, Светозар, уште повеќе како да се извишил. Каков што е онака слаб”-чиниш вудве да се превие довтасал!

И мислите се веќе поматни, потажни. Веќе е тешко да се мисли. А и да се станува на нозе е тешко.

Седум суви, жешки августовски дена по борбен јуриш. А без голтка вода, а болни од заборавен глад.

Седум дена: еден и уште еден од нив - со моќни раце и нозе и ум полн неверојатни планови за избавување кои тукуштo не се исполниле. Третиот - жега, од која сенка побараа испикувајќи се во темната утроба на карпата. четвртиот ≠ премалуваат раце и нозе, истиот четврти ≠ умот заоѓа во некое отапено бунило, почнува да се губи во незаинтересираност, петтиот ≠ разбуден болник лежи на постела од камен, шестиот ≠ клетви спрема Господа што не им ги скрати маките. („Наречниците ни досудиле и тебе и мене, да умреме на овој исцуцулен пекол°, беше кажал Стојан. ≠ „Какви наречници, јадниче, ти зоврело во главата°, се брецна другиот, веќе неспособен за каков било сочувствен, разбирачки збор.)

Сега, седмиот ден, долу беше тивко.

Стојан шепотеше нешто, веројатно се молеше. Светозар, малку оддалечен, беше се наднесол покрај работ.

Овој не го прекина шепотењето.

- Стојане, војската се крева, заминува.

По извесно време Стојан се исправи како тогаш разбуден, како дури сега да ја чул радосната вест, се одѕва тивко, тажно, немоќно:

- Што велиш, Светозаре?

- Ене, збогум -велат на планинава, прашина само оставаат зад себе...

И двајцата силно возбудени, подолго тоа го гледаа. Таму, каде што веќе слегнуваа височините, голем строј војска излегуваше во видното поле оттука, и се движеше кон далечината на запад: со коњи, со коли, пешадија, артилерија... Зашеметени, с¡ уште во состојба на доаѓање на себеси, погледите им дочекаа и друга некоја единица војници, доста помала и подалечна, таа оддесно, од источната страна појавена, некако осетно лесно и разбрзано заминуваше, и нејзе насоката £ беше запад, Битола...

******

Двајцата луѓе со полни пушки на плеќите, сакаа да избегнат секој допир со жив човек во оваа тиха и мртва и недоверлива планина. Беа веќе скршнале и стапуваа полека, највнимателно, одбирајќи го со нозете чистиот дел од земјата, за да не закачат ниеден камен, а истовремено некоја неодолива сила им ги сведнуваше телата се повеќе...

Беа слегле на иста височина со човекот, од кого ги делеа можеби стотина чекори помали, подзаоблени карпи, кога наеднаш од положбата во која што беа дошле (сосем вудвосани, смалени во невидливост), Стојан забележа дека на бугарскиот војник што им беше сега само дополу свртен со грбот, гледајќи веројатно кон удолнината, нешто му светка од бедрото.

- Оној има вода!! - хркна со гробен глас.

И на двајцата нешто им ги сплетка нозете, не можеа да пречекорат...

А по некоја минута, пак од подруга насока, зашто таму карпите беа почести и троа повисочки, лазеа два човечки створа. Беа од мачки повнимателни. Беспогрешно наближуваа накај непознатиот, иако всушност дури доста доцна повторно го догледаа... зашто тој, неочекувано, сега веќе не се движеше, го открија изненадувачки близу: седнат до неголема карпа ≠ од нејзината сура обгореност штрекнувачки се изделуваше жолто-кафеавата облека. Беше со грбот убаво облегнат на неа, нозете, во истобојни објала,

ги имаше поткренати во колената и се чинеше, барем ним така им се стори, дека премалено прибира сили, додека погледот како да му беше управен во големиот празен простор пред него, или којзнае, можеби и не му досегаше подалеку од очите... Стигнати зад самиот негов грб, мигум се превкрстија со погледите што го заменуваат јазикот. Но токму тогаш тој посегна по матарката од коланот, што досега за двајцата беше невидлива, го одврти капачето и ја принесе кон отворената уста. На далечното бело-прашливо небо, како слика на платно, се одразуваше рака свиена, матарка, и глава некако уморно зафрлена назад.

- Нее! - страшно извика Светозар во моментот кога оној пред нив уште не беше отпил ни една голтка.

Скокна човек како див ѕвер, светна нож на сонцето. Бугаринот панда ничкум на слабината. Устата и брадата му беа водени. Од раката му испадна матарката, и тропна на каменот, од неа се излија неколку капки вода и тие веќе постоеја само како темни дамки на истиот тој камен. Кога, оставајќи го дополу зариениот бајонет во градите на непознатиот човек, Светозар ја грабна матарката и ја заклати - во неа не шумна ни капка вода.

Така, пак останаа безнадежни патници. И нешто проклето повеќе од тоа.

Nikola Kochovski

## FROM THIRST TO MURDER

Two soldiers of the Serbian army, a Serb and a Macedonian, wandering for days in the mountain after the destruction of their combat unit in a catastrophic combat attack, kill a spotted deserter from the Bulgarian army. There are many questions of the reasons why they killed the deserter. Is it a matter of self-defense, after the severe torment of hunger, heat, or the end of human endurance!? Is it a matter of fear of the night and day fear of death, together with the state of their lost loneliness and wandering!? Was it not because of habit, a condition that had already retained itself as the only human theory, which had taken over the souls through the long-lasting, everyday slaughters!? Is the truth, to some extent, contained in all these self-questions!?

And especially the question: were they aware, at the time of the execution, that the war dehumanizes people, makes them bloodthirsty? On this subject we processed a very tragically true example with the high school students, in the old textbooks - it was the unforgettable, relatively small but moving story entitled "And now I will be left alone just like that", by the Slovenian writer Mishko Kranjec. It was a very solemn, great hour of truth.

Љубе Митрејчевски

## РЕВОЛТОТ ВО МЕНЕ КОН СУДБИНАТА НА МАЈКАТА ШТО ГО ИЗГУБИ СВОЕТО ЧЕДО



Многу пати мислата ме води кон целта на човековото постоење? На постоењето на сите животинки, од најситни до најголеми. На опстојбата на растенијата и тревките. Кон секој жив свет кој има една цел. Да се расплоди, да постои. Или да врзи плод и посее семе од кое ќе никне нов живот. И така, да расте, да созрева и да се размножи. Едни да employed стареат и нови да се раѓаат. Таков природата го створила светот. Од неговото зачнување до денес.

Сите не понесува помислата да се створи брак, да се изродат деца и да се врви пристоен живот. Да се изгради дом и да се има колку за просечен и прикладен опстој. Да се животари, што велеше дедо. Живот исполнет со страв, со стегната душа и со помисли лоши. Да не дај Бог децата да тргнат „настрана“ и по лоши патишта, исплетени со разни пороци од кои ќе не боли и срцето и душата. Господ да е со нив, се молиме везден и посакуваме: Да изучат, да се вработат и фамилија да створат. Да ни се изродат внучиња за да му се радуваме. Да ни се продолжи лозата, да растеме со гордост до небо, и да ни ја полнат душата со радост. На „прав пат“ да ги посадиме.

Јас така го гледам моето опкружување и така размислувам. Така и посакувам. Сиот мој свет да биде среќен. Заедно да ја споделуваме радоста. Да ни се полни душата со успехот на роднините, на соседот, на колегата од работа. Но, не секогаш, е така лесно и како напишано во учебник. Напати животот може да скршне лево или десно од патот. Да го смени правецот и несакано да не однесе во провалија. Во темна дупка со одземена светлината. Да ја искриви нагорната, или барем права линија на животот, и ни ја одземе утрешнината. Таков е настанот, од опачината на животот, од другата страна на убавото, кој крена револт во мене и посади

гнев во душава. Внесе горчина во срцево и напишав песна за детето кое што не го имав видено. Не знам како се родило, како пораснало и станало прекрасна млада личност која тогаш требаше да почне да живее. Тажен сум затоа што природата постапила неприродно, без и во неа да има ред и редослед. Пушти рака судбината и остави лузна, земајќи уште еден млад живот:

Утринско кафе, со многу насмевки и радост во душата. И уште една запалена цигара и восхитено кажување за своите најмили. Кое дете што сторило и што сака да стори. Гордост родителска.

- Виктор мој со другар му замина, и ова лето, да работи на море, во Хрватска. Студентска работа, деца. Ми пиша дека ја минале границата и дека бил пресреќен штом го вдишил тамошниот воздух. До облаци сум кренат, летам од радост. За мене, да не се секирате. Преубаво ќе биде! - се пофали мајка му Ана.

Два дена минати и пред крај на работен ден, од соседната канцеларија се слушна пискот. Излезе Ана и облеана во солзи, без да запрат, плачеше.

- Што се стори? - прашав.

- На Виктор му се снеарнило! - одвај кажа низ плач. Ја зедов под рака и полека слеговме по скали.

- Не секирај се. Ќе биде во ред. Дете е тој. Ќе му помине! - ја тешев.

- Ах, дете мое! Што ќе правам јас? Зар за така, цела куќа, ја варосав? - редеше.

- Те молиме, не плачи. Ајде, стрпи се. Ќе оздрави. Мисли на убаво! - ја уверувавме неколку души. Но, попусто. Како да и беше претскажано најлошото. Одма замина за Скопје и за Хрватска.

Неколку дена прашував преку блиски нејзини како му е на детето. Ми кажаа дека е подобро и дека Ана, брат и Љупчо и другиот син, Христијан, стигнале во Пула. Стигнал и Никола, таткото на детето. Мајката овде, таткото Германија, а децата далеку од родителите. Растргани низ светов и во туѓи земји. Сè со една мисла и една цел. Да се остават настрана задоволствата. Да самуваат, да работат и да заработат за пристоен живот. Да се спечали. Да се вратат назад печалбарите, да се женат и големи свадби да направат. Со свое заработено и со помош од родителите.

Не се делеле од Виктор. Од креветот негов и од кругот на болницата. Кажаа дека доаѓа при свест и докторите даваат сè од себе да престане крварењето. Го стабилизираа телото за младичот да биде пренесен во Загреб. Таму да прават операција, врвни доктори од неврохирургија.

- Ќе биде во ред. Ќе оздрави Виктор се надевав.

Но, попусто. На приквечерина стигна лоша вест дека Виктор починал. На интернет прочитал син ми. Ме праша чие е, ова дете? На Ана, колешката кажав. Сите замолчивме. Ме обзеде тага и посакав да не биде вистина. Се всели немир во срцево и до полноќ останав надвор да другарувам со многу испушени цигари. Од мене се крена мисла и зедов бел лист хартија. Врз неа се излеа песна за младиот живот кој ете, во цветот на младоста, згаснал. Тага! „Од лошото нема бегање. Кај и да си ќе те стигне!“ - ми се вртеше мислата. Во песната „До сите Вас“ направив негов говор, преку зборот негов кој не се заборава. Да им ја намалам болката на родителите, на најблиските, ако има намалување:

Простете, најмили мои
што си заминав од вас
без збогум да земам.
На покана од ѕвездите
другар да им бидам,
долетав еве.

Велат дека душата се одделува од телото и дека живее вечно. Дека го напушта сопственикот и се вселува друго место. Таму, каде што ќе најде мир, се вдомува. Оттука, ќе отпатува на друго место. Ќе биде секаде, каде што ќе и биде убаво. Во спокој продолжува и им се препушта на природните убавини. Така велат и кажуваат:

И во ситен цвет
од бескрајна ливада
со многубојно цвеќе сум
чувар да им бидам
од тивкото ветре.
Во капките вода
од бистар поток сум
и во ситната песок
на морскиот брег.

Тага и жал го надвисна Демир Хисар. Илјаден, расплакан народ немо чекори кон куќата тажна. Да земе збогум од дваесет и две годишното момче. Да му запали свеќа и посака вечен мир и спокој. Лелек се крева до небо. Насолзени роднини и пријатели кои на свадба требаше да му дојдат. Судбина!

Замолчена поворка долга, полека оди кон гробиштата градски.

Толку долга што првите луѓе се пред вечниот спокој, а последните, излегуваат тогаш, од дворот куќен. А цвеќе? Цвеќето го има толку многу што чиниш дека може секој гроб да се закити. Болка!

Свештеникот ја пее последната песна. Најмилите земаат

последен поздрав. Збогум, со чедото младо. Девојка стројна, со згорено грло, испрекинато чита. Ја чита песнава и последната строфа. Аберот на Виктор, како тој милува. Им кажува на баба му, на брат му, и на татко му. На мајка му:

Секое утро,
со сончевите зраци
дома ќе ви идам
да ве гушкам милно
и лице ви галам,
оти бескрајно ве сакам.

Сандакот се спушта и пак лелек се крева. За последно фрлена земја и поздрав со блиските.... Што да се каже? Од каде и како да се изнајде збор што болка ќе смали? Од никаде и никако!



Ljube Mitreychevski

## THE REVOLT IN ME TOWARDS THE FATE OF A MOTHER WHO LOST HER CHILD

Many times the thought leads me to the goal of human existence? The existence of all animals, from the smallest to the largest. To the survival of the plants and the herbs. To every living organism that has one goal. To reproduce, to exist. Or to bear life and sow seeds from which new life will sprout in order to grow, mature and multiply. Some to grow old and new to be born. This is how nature created the world. From past times until today.

We are all carried by the thought of getting married, having children, and living a decent life. To build a home and have enough for an average and suitable survival. To live, as my grandpa said. A life filled with fear, with a tight soul and with bad thoughts. May God not allow children go "astray" on bad paths, intertwined with various vices which will hurt our hearts and souls. May God be with them, we pray every day and wish them: to be successful in their studies, to be employed and to create a family, to give birth  to many grandchildren and be happy. May our species continue, may we grow proudly to heaven, and may our souls be filled with joy. God help us to plant them on the "right path".

This is how I see my surrounding and this is how I think. That's what I wish for everyone. May my whole world be happy. Let's share the joy together and fill our souls with the success of relatives, neighbours, co-workers. Still, accidents like the one that befell Victor and his loved ones are inevitable. At the I wrote the song "To all of You":

Forgive me, my dearest ones
for I left you
without saying goodbye.
At the invitation of the stars
to be their friend,
I landed here.
There are so many flowers here that it seems that any grave can be decorated.
Pain!

Goodbye, with the young child who says for consolation:
Every morning,
with the sun's rays
I will come to you at home
to hug you softly
and caress your face,
because I love you infinitely.

The coffin goes down and the wail rises again. For the last thrown earth and greetings to beloved ones .... What to say? From where and how to find a word that will reduce the pain that came out of nowhere!?

Весна Мундишевска-Велјановска

# ЕКОТ НА ПОЕТОТ ВО МЕНЕ ЗА ЗАГУШЕНИТЕ ЧОВЕЧКИ ВРЕДНОСТИ




Поетењето е впуштање во потрага по грациозни и репрезентативни примероци кои сончево ќе благовестат на живописните падини на литературата. Поетот, комплексноста на создавањето ја претвора во едноставност на воспиемањето на авторовите мисли кај читателот. Со впечатлив и самосвој, препознатлив, израз, со одржлива динамика на искажувањата и доза на предизвик и љубопитност која го интригира читателот да се вгледа, да се задлабочи и да ужива во многубојноста на ритмичното променување на осликаните животописи, поетот ги оживува своите мисли, чувства, стравови и ставови налик исчекорувања по заводливиот такт на новокомпониран танц на словото по подиумот на изборот, истовремено врежувајќи го зборот како симбол на непокорот во ѕидините на сегашноста и идноста, во светилиштето на беспросторот.

Мисловноста, некогаш е директно пренесена и лесно разбирлива, а некогаш затскриена зад слоеви созреани мудрости кои нетрпеливо исчекуваат читателот да ги раздипли и со вчитувањето во стиховите да го поттикне нивниот процут. Хипертекстот на песната е насочувачката врска до извориштето на согледбата.

Поетот е субјективно-објективен набљудувач и веродостоен запишувач, хроничар на вредностите и безвременостите. Но, и не само тоа. Со својот проактивен пристап во аналитичкиот приод и интерпретацијата

на современието и сите негови недостатоци и проблеми или придобивки и вредности, е и

„собидник на контрастното време
кое живее во дневната соба
на секојдневната рамноденица". („Контрастно време", книга „КонтинуУМ", стр.16)

А ова е време на парадокси:

•колку лесно можеме да исконтактираме со секого и од секој крај на светот, а колку всушност духовно сме оддалечени еден од друг;

•истенчена е папочната врвка на модерното новороденче со традицијата;

•наместо вмостување на минатото и иднината, сегашноста бледнее како стара фотографија од некоја паралелна идност;

•семожноста и неможноста се растргнати меѓу противречната непомирливост на СЕ во спрега со НЕ кои едновремено создаваат „концепт на НЕопределеност/ во референтна рамка во која/ ,едновременост'/ за едни значи тековност, а/ за други – веќе заборавена минатост" („(Се)можности", книга „КонтинуУМ", стр.53-54);

•најстрашниот од сите потреси од природен карактер е потресот на човештината;

•„светот крвари на распарчен глобус,// перспективата се антидатира// во витлите на празнината што зјае/ апокалипсата на идеите/ хибернира во својот антихороскоп" („ретроСПЕКТИВА", книга „КонтинуУМ", стр.23);

•„во котлето на живеачката" („Сон", книга „Поетски дијалог", стр.9) сите незадоволства и стравови зовриваат во револт...

Општественото силно ги напнува струните на индивидуалното, бранувајќи ја толерантноста на востановените етички начела на секоја креативна единка до огласување на критичката мисла на авторот за да се „исплука нечистотијата на секојдневијата" сред истрошеното „клише на многуденијата" („Грч", книга „Поетски дијалог", стр.17). И – започнува проникнувањето, јадровитоста, откривањето и поучувањето, анализирањето и синтетизирањето, разградувањето и реконструирањето..., се испишува расплетот на плетивото на сушноста за да се заткае нова зборотворба која длабоко во опсервираниот стих ќе ја носи суштественоста и насушноста.

Многунасочни се влијанијата и последиците од врските на единечното и мноштвото, од актуелното и минатото, од модерното и традиционалното, од периодот и времето, од видливото и привидот, од искуството и неопитноста, од фактичкото и претпоставеното... А „ние – што

правиме!?/ Во немоќ се давиме,/ панично се тетеравиме“... „јанѕата/ во глужд ни расне,/ нѐ набива,/ дразне“ („Јанѕа“, книга „ДвОглед“, стр.17-18), „спасот се дави без глас“ заради нашето неодлучно тркалање по кратерот на неизбежноста додека се напнуваме да проѕреме „низ калливото лице на вознемирената вода“ („Водата во нас“, книга „Поетски дијалог“, стр.27).

Висат дилеми, прашалници и извичници за (не)доволноста на обидот за спитомување на втренчениот поглед во комплексната преегзистенција на обремениот живот. Линеарноста на отсечката на бидувањето ја развлекуваат наталожени остатоци од колебливости чија доминанта е инертноста. Резултантата плаче за проглед:

„Распрсканите огледи од различните лица
на суштинското и суштественото
се последица
на неможноста
да се види семожноста.“ („Не(до)разбирање“, книга „КонтинуУМ“, стр.51-52)

Иииии повторно: Ова е време на парадокси! Време во кое нормалното станува сѐ понеприфатливо, обезвреднувањата стануваат нови вредности, време во кое мноштво ниски човечки страсти вешто маскирани се сервираат како модерни човечки доблести, а човекот можеби повеќе од секогаш е во потрага на пат кон себеси.

Или сето ова, искажано низ екот на поетот во мене:

(НЕ)ВРЕМЕ

Ѕвончето од влезната врата
и модерната самоизолација
ја подголтнуваат рапсодијата
на својата самотија.

Балконот е парк
на сонуваното задоволство.
Во временските диференцијали
на вкрстениот оган
на превртливоста и пресметливоста
се истрошија сите креми со заштитни фактори
од бодликавите јазици на (не)човечкото зрачење.

Во напукнатото огледало на сушноста
достоинството крвари во фугите на послушноста.

Од тенцерето на неодлучноста
испарува здивот на присутноста.

Како никогаш досега грми тишината
на кондензираното молчење.

Осликувајќи ја изобличеноста на современоста, поетот не е само пасивен запишувач на реалноста или имагинарноста на состојбата, туку и гласноговорен бунтовник кој ја акцентира бесмислата на постојбата и безмислата на модерниот современик, но истовремено е и поттикнувач на согледи:

„Во кануа, галии и бродови
луѓе без визија
крстарат по застаклени сводови.

Горделиво степуваат
по проѕирни подови
(пот)продавајќи
(при)видна демократија,
услов(е)на слобода,
еее...,
слободоумност,
безумност,
умност,
ум,
но...
стОП
!"

(„Виртуелна реалност", книга „КонтинуУМ", стр.5)

А секој соглед, ставен во контекстот на рамката на човечките доблести, среќно ќе изЃрти новоглед:

„Во грамадната пештера
од распаднатата сфера
на нескладното бреме
време е да потера семе
од Новата Ера." („Ветерна ера", книга „КонтинУМ", стр.45)

Многуте болни дразби, копаничат вдахновени поетски резби. Симболиката на стилските единства или разноликости, ја задвижува анатомијата на конкретноста апстрахирајќи го предизвикот на одлуката:

„Во струјното коло на животот во диспозиција

секој од нас е минувач во позиција
на отворен или затворен прекинувач.

На површината на овој извор
следственото
е прашање на избор.“ („Струјно коло“, книга „КонтинуУМ“, стр.60), зашто секој револт, секое горчливо несогласување и спротиставување, секој непокор, бунт и крик, продуцира јадови, грижи и солзи, но неодминливо е и повод за изблик на надежен препород.



Vesna Mundishevska Veljanovska

# THE OUTCRY OF THE POET IN ME ABOUT THE CHOKED HUMAN VALUES

This is a time of paradoxes! A time when the normal is becoming more and more unacceptable, devaluations are becoming new values, a time when a multitude of lowly human passions are skillfully disguised as modern human virtues, and man is perhaps more than ever looking for a way towards his Self.

Depicting the distortion of modernity, the poet is not only a passive reality writer or writer of the imagination of the situation, but also a loud speaking rebel who emphasizes the meaninglessness of the existence and meaninglessness of his modern contemporary, as well as, an inspirer of perceptions:

"In canoes, galleys and ships
people without vision
cruise on glazed arches.

They step proudly
on transparent floors
(sub) selling
(illusory) obvious democracy,
conditioned (is) liberty,
eee ...,
open-mindedness,
madness,
cleverness,
mind,
but ...
STOP!"

Every revolt, every bitter disagreement and opposition, every disobedience, rebellion and cry, produces sorrows, worries and tears, but it is inevitably an occasion for the spurt of a hopeful revival.

М-р Сања Мучкајева Видановска

# КОГА И БОГОВИТЕ ИМААТ ИНТЕРНЕТ, РЕАЛНОСТА МОЛЧИ



*Вчера го пронајдов сосем случајно мојот стар дневник. Денот беше еден од оние денови кога расположението се менува како минатиот месец. Марта, како што кај нас меѓу народот се нарекува, знае да збудалува и истиот ден да ги разбрка облаците, да донесе сонце, повторно да го засени, да го раздува ветерот низ гранките кои не се осмелуваат сѐ уште да ја изразат волјата на вегетацијата, изразат волјата на вегетацијата, повторно да заблеска и сѐ така во едно претпладне. Му ја предава променливоста на април со безобразна ноншалантност и си заминува без совест. Вчера беше уште една таков ден.*

*18.04.1983 г.*

*Драга Биби,*

*Денес седевме кај фонтаната. Го видов З. Ме гледаше, и јас го гледав него. И ми се насмевна. Пресреќна сум! Го сакам, го сакааамммм! Бев излезена со моите другарки, Т, С, В, и сите ми рекоа дека цело време гледал во мене.*

Да, тие денови се менуваат како месечевите мени. Вртејќи се во кругот на времето кое безусловно тече, а богот на времето Хронос, е бескрупулозен. И како тоа да му е малку, ги влече промените со незапирлива брзина. Итајќи, некаде низ кругот, го пронајде Богот на интернетот, но бидејќи тој бог е буквално новороденче споредено со останатите богови, сѐ уште нема име. Може да се вика Ченџер, си велам, изведено од англискиот збор change (промена). Иако е новороденче, неговиот развој е толку брз што во еден момент помислуваш дека прима некаква терапија за најбрз раст и развој, од Богот на лекарството, Асклепије (Ескулап). И не само тоа, туку истиот тој е толку заводлив, толку неодолив, што Аполон паѓа во потполна сенка покрај него. Никој повеќе не принесува жртви на ниеден бог. Сите жртви се принесуваат на Ченџер (така ќе го нарекувам во овој текст, затоа

што како кума имам неприкосновено право јас да го крстам како што мене ми се допаѓа). Имаше едно време луѓе кои продаваа девизи на црно, стационирани околу градскиот пазар кои ги нарекувавме ченџери. Дали тие беа предвесници на промените, или што би се рекло месаји на раѓањето на еден ваков Бог?

Принесувањето на жртви се огромни. Од сите страни на светот, од сите народи, народности, раси, вери, нации... овој бог стана заеднички за сите. Во еден момент се помислува дека е толку милозлив, што со бескрајна благодарност треба постојано да му се принесуваат жртви.

*Фотографиите постирани од фитнес салите... тие се посебна приказна! Какви само мускули играат на сликите, извајани како од старите антички мајстори, ти доаѓа да ги задавиш во моментот, особено ако потоа треба да се туширaш и да се погледнеш гол во огледало. Па кој не би паднал во депресија кога ќе види такви мускулести Аполони и прекрасни Афордити?*

*Совршени професионални шминки, да живее фотошопот, уаа за стилстите кои се толку скапи што домашниот буџет ќе ти отиде во неповрат. А фотошопот е бесплатен за оној кој знае бесплатно да го користи. Нивните блескави насмевки, или малку напрчените усни, беспрекорните фризури, дури и половината ја намалува и ги зголемува градите. Кој стилист или пластичен хирург ќе биде поуспешен од фотошоп? Убавини, убавини, насекаде.*

*Да знаеја боговите во тие древни времиња, дали би ја создале Афродита од морска пена или од силикон?*

Да се живее и пишува за денешницата, особено за ликовите кои се создаваат за да се искаже револтот, стравот и неизвесноста, е всушност крик кој се распаѓа од карпите соѕидани токму во нас. Сопствениот затвор не е изговор за да се пикне главата во песок, затоа што кога човек се заробува самиот себеси тоа е најтажната доживотна робија. А, робувањето на лажните вредности е делот од приказната наречена современие, но не мал, небитен дел, туку битисување кое не заробува сѐ повеќе и станува наш господар. Тој дел е најбизарниот дел од целата приказна за немоќта кон лажните човечки вредности.

Колку и да се поставува прашањето каде исчезнаа, одговорот ќе остане само празен лист хартија. Времето веќе станува невреме на лажни информации, црни хроники од бизарни вести, бомбардирања од сите страни и препукувања на партиски лажни ветувања и непробојни ѕидови од лажни вредности. Затоа, најдобро е да се постави прашањето, како човек да остане цврсто на земја и да чекори со оние всадени некогашни вредности од нашите генерации, традиционалните вредности на почит,

доверба и емпатија кои ни ги всадуваа нашите родители, нашите мајки со поинакви гледишта кон светот, без лажни ветувања и без оптовареност. Во мојот роман тие мајки ги нарекувам марсовки, како епитет за нивната пожртвуваност и смиреност, како мајки од друга планета, кои полека исчезнуваат од земјината микрогалаксија. Се стопија со исчезнувањето на сонцето од витинските вредности, заедно со цел еден систем кој исто така се распадна...

Затоа, јас како денешна мајка воспитувана од една таква марсовка, дете од социјализмот која се претвори во родител на капиталистички деца, низ целиот роман си го поставувам прашањето за основната егзистенцијална вредност, изградена од збунетоста на сите информации на социјалните мрежи кои се во постојан судир во мене, а ги обземаат нашите деца како закоравен плевел.

Лажните богови се насекаде околу нас. Носат промени со лажни вредности, искривени слики од реалноста, сите вредности собрани во една црна вреќа и исфрлени на ѓубриште, кое полека се распаѓа, како времето без неизвесност и неоптовареност. Едно време од пишувањето на дневникот на една тинејџерка, будалестото девојче полно со надежи и очекувања. Дали новите генерации смеат да се носат со помислата на исправноста во сопствените одлуки, кога и нивните родители бумери (така ги нарекуваат тие од милост, иронија или носталгија), се сосема збунети што е исправно, а што не?

*„Сакам и јас пирс!“, ми рече денес по кој знае кој пат.*

*Неколку месеци се борам со барањето на ќерка ми. Ќе почнам да сонувам пирсеви. Веќе сонував пред неколку години, кога син ми поминуваше низ таа фаза.*

*„Не доаѓа во предвид!“, одговарам постојано како оние кукли кои ги превртуваш на грб и постојано повторуваат: мама, мама... Со глас кој е на работ на плач и капаци кои ги затвораат очите.*

*„А зошто му дозволи на брат ми?“*

*„Јас не му дозволив. Тој го стави без моја дозвола кога замина на факултет!“, одговарам со истиот тон.*

*„ Тогаш и јас ќе ставам на осумнаесет години!“*

*„Брат ти имаше деветнаесет кога го стави пирсот“, објаснувам потрпеливо и се надевам дека ќе ме остави на мир барем до осумнаесет години.*

*„Добро тогаш, ама да знаеш дека само што ќе направам осумнаесет години и јас ќе ставам пирс. А, што мислиш подобро ќе ми*

*стои на средината на носот, или на страната?“, прашува како да сме пред потпишување на Дејтонскиот договор, а јас одговарам со половина ум, „Од страната.“*

*Таа веднаш оди во својата соба и става импровизиран пирс, од каде ли го нашла веднаш и ми покажува како би стоел. Погледнувам колку да се рече, со надеж дека две години се долг период и дека до тогаш ќе се откаже од идејата.*

*„А да ставам сега кога ќе наполнам шеснаесет години?“, продолжува со благ тон додека се гледа во огледалото.*

*„Нема шанса!“, одговарам. Шеснаесетте години доаѓаат за неколку дена и ме обзема омалаксаност. Ми прелетува мислата дека малата разлика во години меѓу децата сепак има свои предности иако се противев на таа идеја кога требаше да родам второ дете. Сакав да му се посветам на првото максимално, за да можам да се посветам исто така и на второто. И се направи таа разлика во годините, од речиси осум години.*

*Боже, некогаш помислувам дека децата се луди колку што се луди родителите.*

И колку ли се лукави овие денешни богови, кога со вакви изненадувања сакаат да ни наметнат неприкосновени факти на некакво современие со плетење на пајакова мрежа од цел систем прикажан како неминовност на денешницата. Тоа не е само израз на нивната волја, туку платформа на заговорничко дејствување, кое изненадувачки напаѓа во секој сегмент. Таа нуди различни можности, но кои изненадувачки брзо ја плетат пајаковата мрежа од стапици, во која лесно може да се западне во интелигентно сплетената мрежа, иако и ние возрасните не сме одамна деца, а лесно запаѓаме во таа немоќ на расудување. А со тоа моралот, човечноста и доблестите лесно се заменуваат со лицемерие, завист и хипокризија. И тогаш кој може да ја порекне изреката дека младите генерации се огледало на генерацијата која во својата изгубеност ги изгубила и сопствените деца? Бидејќи наследството е чудна работа. Може или да те збогати, или да те направи лут непријател. Ако нема тестамент, отиде се’ во неповрат. И војни се водат на тоа поле, а повторно ќе речам, хартијата трпи се. Макар да е тоа застарено, закоравено или традиционално наследство, кое со отворањето по смртта на еден општествен систем би изгледало смешно. Но, само на почетокот како иницијална информаци, но подоцна сумирањето на резултатите би покажале дека тоа воопшто не е смешно. Суштината е во тоа дека е трагикомично кога еден општествен систем изумрел, без испишан тестамнет.

*Колку беше поедноставно во социјализмот. Со едноставни пароли, оние врежани во нас. Можеби затоа не поминува ден, а да не ги запрашам*

*децата, учевте денес? Благодарение на Ленин.* ***Учи, учи и само учи!*** *Не се отфрла лесно нешто што се врежувало со години. Затоа им го пренесуваш на децата, иако одамна знаеш дека социјалистичката парола* ***Учи за да не се измачуваш во животот****, одамна изумрела како распаѓање на еден цел систем исполнет со пароли за* ***Братство и единство****, или* ***Младината е нашата гордост.***

*Со острото брадулче кое се спушта кон вратот, сериозен поглед, но истовремено поднасмевнат од овај агол ми изгледа како да сакаше иронично да каже дека секоја парола е само испишан ѕид на своето време.*
*Таа блага насмевка беше толку внимателно замрзната, кога на моето патување во Москва го видов така умрен, вкочанет во мавзолејот, доста пожолт од што очекував. Редицата, додека чекавме на Црвениот плоштад беше толку долга, што изминаа добри два часа за да влеземе и погледнеме низ стаклото каде мирно си почиваше, со паролата Учи и само учи, та во моментот ми прелета за прв пат помислата дека сепак паролите излитуваат со текот на времето, како што и ѕидовите се ронат под надворешните удари.*

*Во Зимскиот дворец во Санкт Петерсбург, немаше пароли. Помислив дека и нема каде да се испишат, за прв пат видов толку искитени фасади, толку многу злато низ ѕидовите и раскошни лустери од венецијанско стакло, колку ли само пот се имаше излеано од дувачите на стакло од Мурано, висулки чија грамажа се смееше в лице кога и да ги погледнеш, како да сакаа да кажат дека можеби и тие се лажни, а вистинското богатство се крие на место за кое ни на крај памет не ти паѓа. Онаму каде што паролите завршуваат, пролетеријатот утописки се топи, како кварцот на висулките, од само една мала искра.*

*Ако не се работи за фалсификат, како што многу работи во животот се фалсификат.*

*Пароли од детството, младоста, превирања на транзицијата, раздружувања, повторни здружувања, демократија, недемократија и целата лудост на овој свет.*

И тука некаде се изгубивме. Сите... Сами со себе и меѓу себе...

Додека така се прашуваме каде исчезна еден цел систем и се бориме против злобните шепотења на грдите чудовишта *Тифон и Ехида,* родителите на грдите накази на светот, *Хронос* беспоштедно не упатува кон иднината која не сме ја планирале ниту замислувале, а во која нашите деца, родени во бескрупулозната транзиција полека со по еден ранец на плеќите се качуваат во авионите и полетуваат. Не на сопствените крилја, туку со железните крила. И тогаш одговорите на сите прашања остануваат неодговорени, а само тагата ја потиснува желбата да се врати

времето и сето она заедништво да започне од почеток. Па се прашуваш, дали можевме да имаме поинакви гледишта, дали можевме со основното и егзистенцијалното да трасираме поинаков пат низ кој нашите деца би ги сочувале огништата во нив и би живееле живот каков што ние живеевме, тука и на ниедно друго место.

*Елката стои на истото место. Светкава, украсена и висока. Само времето не стои. Хронос со својата грдотија, трча со спринт. Толку брзо, што ниедна набиена кондиција, никакви истрчани километри не можат да го стигнат. Може само да се обидуваат трагите да ги следат, во сенката на времето и невремето.*

*Лука ме набљудуваше овие два дена од кога ми ја соопшти веста. Додека ручавме денес, ме прегрна и ми рече да не се грижам.*

*„Сега е лесно", рече со едноставен глас. „Има авиони, со летови два пати неделно. Повторно ќе доаѓам како и до сега. А со ова ќе имаш можност и ти да прошеташ малку? Да дојдеш да ме посетиш?", заврши и повторно ме прегрна.*

*И тука веќе плачев. Да го посетам? Каде? Дали тоа ќе биде негов нов дом? Се мразам што сум плачка, ама не можам да се воздржам. Ете, таква сум. Грлото ме стегна силно и не можев да ги држам веќе солзите. Не успеав да се сокријам во кујната, како што правевев понекогаш. Колку мразев да плачам пред децата. Сакам да сум силна и, понатаму да ја имаат истата слика за мене како кога беа мали. Дека сум супер мајка која може се'. А сега таа супер мајка, се претвори во плачка, која им создава грижи на децата. Брзо ги избришав очите, го издував носот и му одговорив:*

*„Само вие бидете среќни. И знаеш, ако не си среќен таму, секогаш можеш да се вратиш назад. Макар и да останеш без работа. Ќе се снајдеме, го знаеш и тоа дека сме тука секогаш за вас."*

*Ме прегрна силно и долго, како некогаш кога беше мал. И ме бакна. Дали видов солзи и во неговите очи?*

*После тоа раскренав од ручекот, ја средив кујната и започнав да се подготвувам. Нормално, претходно се напив еден дијазепам за да се смирам. Дијазепамот има чудесно дејство. Ги иступува сетилата и прави да шеташ низ куќата како зомби. Решив дека нема да го поминам последниот ден од старата година нерасположена. Ќе ја испратам со убаво, за да ја дочекам наредната уште поубаво. Ме фати дремка од седативот и кратко време задремав. Се истуширав, сварив кафе и отидов во спалната соба. Го извадив фустанот кој ми стои најубаво. Сакам да изгледам убаво за Стефан. И за себе, се' разбира.*

*Најважно од се' е тоа што сега сме сите тука. Празниците ги дочекуваме заедно. Доаѓа Божик, а пред него Коледе и Бадник. Најубавите*

*празници. Дома сме сите заедно уште една недела. Ќе се радувам на моментот. И на сите идни моменти кои доаѓаат. Само така можам да го победам времето. И останатите богови кои не постоеја во времето на мојот дневник.*

Приоритетот на егзистенцијалните нешта, сепак го поместува скалилото на очекувањата, а опстанокот како приоритет носи едно ново време во кое сите се губиме во светот на материјалното. Тука некаде се губат и нашите деца, со застрашувачка брзина. Авионите летаат низ облаците со нашите деца во нив, а нас ни останува надежта дека некој убав, сончев пролетен ден ќе се вратат. Како птиците преселници. И тоа е тоа!

*Нека ги чуваат боговите, додека летаат. Со сите сили на небото, во деновите од сопствениот дневник и животот кој продолжува понатаму со сопствени крилја.*

Деловите во текстот напишани со италик, се извадоци од мојот најнов роман *И боговите имаат интернет.* За крај, морам да напоменам, дека кога го добив меилот за темата за **Петнаесеттата роднокрајна средба на битолските писатели во Македонија,** а тоа беше по еден месец од објавувањето на овој мој роман, повторно помислив дека *Боговите уште еднаш смешале прсти...*

M-r Sanya Muchkayeva Vidanovska

## WHEN THE GODS HAVE AN INTERNET, THE REALITY IS SILENT

The god of the internet is literally a newborn compared to the other gods, he still has no name. It can be called Changer, I say to myself, derived from the English word change. Even though he is a newborn, his development is so fast that at one point you think he is receiving some kind of therapy for the fastest growth and development, from the God of medicine, Asclepius (Aesculapius). Not only that, but he is so seductive, so irresistible, that Apollo falls in complete shadow beside him. No one offers sacrifices to any god anymore. All sacrifices are made to Changer (I will call him with this name in this text, because as his godmother I have the inalienable right to baptize him as I please). In recent times, the people who sell foreign currency on the black market, stationed around the city market, we call changers. Were they forerunners of change, or in other words the Messiahs of the birth of such a God?

The sacrifices made are enormous. From all parts of the world, from all nations, nationalities, races, religions, nations ... this god has become common to all. At one point he is thought to be so merciful that sacrifices should be offered to him with endless gratitude.

False gods are all around us. They bring changes with false values, distorted images of reality, all values collected in a black bag and thrown in the garbage, which is slowly falling apart, like time without uncertainty and unburdened. It could be a time as the one that once entered the diary of a teenage girl, a stupid girl full of hope and expectation. Can the new generations be carried away with the thought of correctness in their own decisions, when even their boomer parents (so they call them out of mercy, irony or nostalgia) are completely confused as to what is right and what is not?

Проф. д-р Христо Петрески

# КОНСТРУКЦИЈА, ДЕСТРУКЦИЈА, ПРОЕКЦИЈА... Или: накратко за едни метални кутии, синџири и катанци...



1.

Во една Библиотека во Републикава - внимателно и грижливо ги чуваат ракописите на роднокрајните писатели.

Но, за жал, ракописите се ставени во метални кутии, кои многу наликуваат на мртовечки сандуци.

На металните кутии, пардон сандуци - го пишува и името на авторот чии што ракописи, односно заоставштина е внатре.

Ракописите на тој начин се безбедни, заклучени со клуч и брава, затворени со метал од сите страни.

Но, сето тоа делува толку грубо, потресно и жално, што живите автори сигурно ги одвраќа со своите ракописи и тие да влезат и бидат внатре.

Металните кутии се како сефови, па кога човек ќе се соочи со нив уште за време на нивниот живот - предвреме и премногу директно, разочарувачки и некрофилски се соочува со ладнотијата, празнотијата и трагичноста дека неговиот писателски труд ќе заврши во некој метален сандук, со брава и клуч.

2.

Во друга Градска библиотека, исто така во Републикава - книгите се ставени во плакари заклучени, но и врзани со синџири и уште еднаш заклучени со катанци.

Па, авторот, но и читателот, со право, се прашува , коментира и констатира: ем ретко кој посегнува по книгите, па згора на тоа - книгите се чуваат двојно

заклучени.

Да, тоа е поради некој евентуален крадец, односно позајмувач кој книгите ќе ги земе и никогаш нема да ги врати, но ракописите и книгите не треба и не смее да бидат заклучени, туку да се отворени, да се листаат и ползуваат, да видат светлина, писателски и читателски раце, сонце и провев...

3.

Би напишал песна или расказ на оваа тема, која ќе ги изразува и одразува стравот и немоќта - но никако и никогаш како револт и бунт кон и против човечките вредности, туку исклучиво за и кон човечките вредности!!!

Темата е суптилна, опозитна и реверзибилна, а јас во свое име и во име на моите ликови, сакам да сум надвор од тие метални сандуци, клучеви и брави, синџири и катанци...

Prof. d-r Hristo Petreski

## CONSTRUCTION, DESTRUCTION, PROJECTION ...
## Or: in short about some metal boxes, chains and padlocks ...

There is a Library in our Republic – where the manuscripts of the native writers are carefully kept. In another Library, also in our Republic - the books are placed in lockers locked, but also chained and once again locked with padlocks. Unfortunately, the manuscripts are placed in metal boxes, which look very much like coffins. On these metal boxes, we read the name of the author who left them as a will. They say that the manuscripts should be kept from natural disasters, or from a possible theft. I wonder, shouldn't they be opened, read and used, seeing light, writer's and reader's hands, sun and draft ...!?

I would rather write a song or a story on this topic, which would express and reflect the fear and powerlessness - but no way and never as a revolt and rebellion against the human values, I'd rather write about the human values, instead !!!

The theme is subtle, two-sided and reversible, and I, in my own name and in the name of my characters, want to be out of those metal boxes, keys and locks, chains and padlocks ...

Ванчо Полазаревски

# КАКО СЕ ПЛЕТЕ МРЕЖАТА ЗА УЛОВЕНИОТ ЛИК ДА БИДЕ ГЛАВЕН



Интригантноста на оваа тема (... воглавно, приоритет на денешниот човек е егзистенцијата при што се губи целта на духовните, односно есенцијалните морални и етички вредности...) е повеќеслојна и преставува. барем за мене, инспирација за пишување текст кој ќе се труди да поставува прашања, можеби дава и одговори, на се она што е толку возбудливо при создавањето ново литературно дело. кое, во секој случај, мора себеси да се потврди со квалитет и нов пристап кон оваа и која и да е друга тема.

Во она што би го нарекол мое лично творештво не постои ни најмал интерес за подалечното минато, особено не она кое по самата природа на нештата е доволно драматично за да биде читано со возбуда, како што се на пример новели, раскази или романи од времето војните или настани кои драматично го одбележале воопшто живот на нашите предци.

Ова го велам од едноставна причина што јас во нив не сум бил личен учесник а за мене е далеку поинтересен сегашниот миг/за миг, или она време минато во кое јас колку што е можно активно учествувам/сум учествувал.

Токму таквите записи ја содржат во себе онаа драгоцена автентичност која на делото му дава своја особеност, во голема мера ослободена од баналното повторување на разните жанрови литературата.

Кога се обидувам да напишам нешто, помислувам пред се на онаа разорна драматичност во чувствувањата на ликовите која однадвор речиси

и да не се забележува. Нешто како, на пример, кога од прозорецот на својот дом гледате човек кој на изглед мирно минува покрај вашата зграда а во него токму во тој мирен момент се раѓа можеби желба за самоубиство, посакување и убеденост дека може да изврши огромна промена на неговиот дотогашен живот кој му/или не изгледа беден, недостоинствен и тој си зема за право да си даде уште една шанса тоа да го измени. Таа драма евидентно постои ,но вие/другите/ јас другите не ја гледаме, за нас таа е невидлива а сепак очигледно присутна, таа е тука, просто е жива, мрда, прета и само што не експлодирала.

Без оглед на тоа колку возбудливо или невозбудливо би било четивото за денешниот читател кој е затрупан со стереотипи особено во визуелните жанрови (филмови....) мојот интерес е определен со патешествијата низ лавиринтите на личноста/личностите кои и без да сакам се судруваат со мене и низ моето секојдневие го создаваат оној координативниот систем, опна основа на постоењето на моите надежи, стравови, желби... мојот живот.

Оттаму често сум се прашувал, односно ме интересирало, на пример, како би изгледал главниот лик кој во стварноста на делото не постои не барем на вообичаен начин, воопшто не се појавува лично на “сцена„ во некоја да речеме конкретна акција. Тој е опишан физички, голем дел од неговите постапки ги дознаваме, но сето тоа е преку другите, споредни личности, како што и нашиот сопствен живот има некој паралелен двојник преку мислите, зборовите, раскажувањата (о/зборувањата) на оние - другите што на разни начини допреле до нас, имале контакт со нас, или едноставно случајно се нашле во наша близина, слушнале некој наш разговор, им раскажале за некои од нашиот живот важни настани.... можностите да допрат со нас такви податоци/мисли/сознанија се бесконечни, исто колку што се бесконечните нивните конституирања на нас самите како суштества како тоа да е еден вид виртуелна стварност, дел од нивната размисла, очекувања и така натаму.

Да се вратам на главниот лик. Невидлив а сепак тој е несомнено главен, затоа што писателот така „сака“. Полека фаќан во невидливата мрежа тој се гради, се изѕидува преку разноразни форми (колку понеобични по место и настани толку повозбудливо), како рефлексија на настани, како дел од минатото, од некој особен пејзаж од кој штотуку заминал но и тоа како во него оставил трага, од некоја драматична сцена во која (не)сакајќи вмешал прсти, иако можеби се наоѓал во соседната просторија и бил наизглед незаинтресиран за ништо а потоа „навреме„ исчезнал... Или се појавил некаде на еден ваков начин:

“Чавката гледаше, онака по чафкински во еден неугледен човек со низок раст. широки рамена кој неочекувано бргу речиси на мистериозен

начин се појави и исчезна.“ Драмата, новелата, романот е за него/неа/ тоа ги има - со немање. Но со длабоко понирање во психолошкото на опкружувањето на тој како “посебен“ вид “невидлив“ човек. Присутно-неприсутен. Можеби поради суптилноста која му е вродена негова главна особина, поради која смета дека е вулгарно лично да учествува дури и во некои многу важни настани од неговиот сопствен живот. Прави да го нема Дури остава рамнодушно, другите, сосема непознати за него, според нивната волја, според впечатокот што го оставил врз нив, да ги трасираат неговите животни патишта па дури и да ги влечат конците во негово име.
Или барем тоа така на прв поглед изгледа. Отсутно присутниот може опасно да се закани со некој неочекуван пресврт во настаните што ги следиме за него. Тука општите морални и етички норми се ставени под голем знак на прашалник поради судирот со тие начела на главниот лик, особено што судирот на личното посебното и општото постојано не прекршува и во секој нареден миг од нас создава “нова“ (не)човек кој и не сакајќи своите однесувања театарски ги прилагодува на потребите на околината само за да избегне судир со неа, особено судир кој може да биде катастрофален по него.
И така и на разни други начини ликот се гради полека.

За него може да раскажува и оваа сцена. Жена во години е изнајмена да чува тешко болен човек. Таа седи на столица мирно, достоинствено, а сепак во штрек да не би требало да реагира ако му притреба на болниот. тогаш во собата влегува некој од блиските на болниот. Жената чуварка веднаш станува и ја напушта собата за да им ја овозможи интимноста на блиските, болниот и нововлезениот.

Главеното дејство останува во собата но интересно е што прави тогаш маргиналниот лик. Моето размислување, моите љубопитства ја напуштија собата заедно со нив. Сосема е можно преку нејзиното отсуство да се дознае што се случува во собата. Тоа е таа непознатост и градење на ликот што го нема.

Жената чуварка и раскажува (во една можна варијанта) на својата познајничка, можно е таа да е готвачка во домот, дека во собата нема да падне ниту еден единствен збор, можеби некоја солза и воздишка и - толку. потоа таа се враќа назад и седнува на своето место.

Каде е тука главниот лик. Тој требало да дојде, но неочекувана мала сообраќајна незгода го спречила и тука не се може ама баш ништо.
Дејствието продолжува без /со него кој е одек на еден значаен настан - сообраќајна незгода без сериозни последици.

Кога ќе дојдеме до крајот на романот/новелата, ни случајно тоа нема

да значи дека темата е целосно заокружена (зарем тоа е можно?) приказната за невидливиот јунак, особено не е заокружено она што е негов копнеж, потрага по некои детали од минатото, анализирање на емоциите кон некоја нему драга личност...
И тогаш што е тука видливо а што е невидливо. И воопшто каква смисла има видливоста

Не, таа, темата, можно е да не е ниту чепната. Можно е дека се работи и за големо недоразбирање, главниот јунак е некој сосема друг кој овде-онде се провлекува низ случувањата во делото но никогаш не отскокнува од другите, со ништо не е различен. Но сепак има нешто по што се издвојува.

Што е тоа?

Не знам. и јас сум во потрага по токму тоа. Што е неговата различност а таа да не е конструирана од авторот туку да е токму суштината на неговиот лик.

Оваа оттаму што јас не ги признавам главните јунаци за главни, тие се само еден дел, еден сегмент од неверојатната сложеност на сложените соодноси на човечките битија без оглед на тоа каква улога им припаднала во какво и да е пишувано/компонирано/сликано дело.

Главно е неговите зборови, мисли дела и настаните околу него да не упатуваат кон сложената слика на неговото/нашето постоење кое во стварноста до бесконечност се упростува и на тој начин нашето живеење го прави уште повеќе банално, одвишно бесмислено.

Оттаму потребата да се пишува а како дел од таа активност и опишување, преставување, раскажување за личности кои во некоја средба со вас ви понудиле парченце од својата лична Илијада и Одисеја, драгоцени поради нивната автентичност.

Само со еден единствен збор кој го менува нивниот исказ во вашето дело е сосема нова Илијада и Одисеја за сосема некој друга личност кој е некако "роднински" поврзана со вашиот прв познајник..

Така мојот интерес за автентичните фрагменти од опкружувањето во постојани промени  кои секојдневно во моето/вашето постоење создаваат мали литературни дела недовршени, но снажни, дела кои можеби кога ќе почнат да се опишуваат со зборови ќе ја загубат својата автентичност.

Или пак уште од почетокот тие ќе родат сосема ново дело со исти/слични/којзнае какви личности.

Vancho Polazarevski

## HOW WE KNIT THE NETWORK TO CATCH THE CHARACTER IN THE MAIN ROLE

When I try to write something, I think above all of that destructive drama in the feelings of the characters that is almost unnoticeable from the outside. Something like, for instance, when you see from the window of your home a man who seems to be passing by your building peacefully, but in that very peaceful moment he has a strong desire for suicide, or desire and conviction that he can make a huge change in his life which looks / doesn't look miserable, unworthy, so he wants to give himself another chance to change it. That drama obviously exists, but you / the others / I do not see it, for us it is invisible and yet obviously present, it is here, it is just alive, it moves, it threatens and it has not exploded yet.

The absently- present person can dangerously threaten with an unexpected turn of events which we follow about him. Here the general moral and ethical norms are put in a big question mark due to the conflict with those feeling principles of the main character, especially since the conflict of the personal special and the general constantly violates us and in every next moment creates a "new" person (non)person who reluctantly adapts his behaviors theatrically to the needs of the environment in order to avoid a collision with it, especially a collision that could be catastrophic for him (or vice versa the needs of the environment could create a collision). And so in various other ways the character is built slowly. But with a deep immersion in the psychological environment of him as a "special" kind of "invisible" man. Presently-absent.

So, the protagonist is someone completely different who here and there runs through the events in the work but never stands out from the others, he is no different. But there is still something that separates him. What is that? I do not know. and I'm looking for just that. What lies behind his uniqueness which is not constructed by the author but is exactly the essence of his character. Hence, I do not recognize the protagonists as such, they are only one part, one segment of the incredible complexity of the complex relationships of human beings no matter what role they were given in any written / composed / painted work.

Благој Поповски

# К О Р О Н А



Со оглед на тоа што подолго време медицината не го има откриено лекот за корона вирусот ковид 19, човекот е подеднакво блиску како до животот така и до смртта. Откако постои човекот, само во Војните се оддалечувал од другите и сега заради опасноста од овој опасен по живот, вирус. Мајката природа го предупредува човекот да биде повнимателен со својата алчност, страст и желби.

КОРОНА
Затемнал облак сив,
Сино небо Божји двор.
Ниедна ѕвезда ниту свети ниту сјае
Камбана бие мртовец кани,
Отворен гроб за слава се спрема.
Долг е патот по кој се оди
Згаснати свеќи по патот се гледат
О, прости Боже ако сум згрешил,
Пеколот чесно нека ми суди,
А не ѕверот бесен корона
Низ прозор што гледа дали сум жив.
Ноќта црна слепи кани
В темнина слава до зори ќе трај.
Орото напред смртта го води

Запејте петли за ужас со крај
Сестро ѕвездо месечино сјајна,
Подај ми рака за да се спасам
Чудо се случи на земјата цела,
Човек од човек подалеку бега
И тебе облак те зави во црно,
И тебе некој те кани за смрт,
Но за тебе сестро лекот се најде
За мене сонце прерано зајде.
Ветрот силен ќе избрка облак темен
И тебе ќе те спаси на небото горе,
Ти пак ќе светиш и сјаеш и нема да згаснин
Но, јас ако згаснам кој мене ќе ме спаси
Во земјата долу во куќата ладна прозор што нема.

Blagoy Popovski

# CORONA

Since medicine has not yet discovered a cure for corona virus, COVID 19, man is equally close to life and death. Since the existence of man, only in the Wars did the man distanced himself from others and recently, because of the dangerous and this life-threatening virus. The Mother Nature warns man to be more careful with his greed, passion and desires:

C O R O N A

A gray cloud darkened
Blue sky, the God's yard.
No star is glittering or shining
A bell tolls a dead man invites,
An open grave for glory is being prepared.
The long path is being trodden
Extinguished candles can be seen along the way
Oh, God forgive me if I sinned,
Let hell judge me honestly,
Not the furious beast Corona
That through the window checks if I am alive.
The black night blind invites
In the darkness glory will last until dawn.
Death leads the death forward.
Sing roosters, sing for dreadful end
O my sister star, my shining moon,
Give me a hand to save myself
A miracle spread all over earth,
A man from man is running away
The cloud covered you in black, also
You are being invited to death too,
But for you, my sister, the cure is found
For me, the sun set too early.

The strong wind will drive away the dark cloud
And you will be saved in the Heaven above,
You will be glittering and shining again and you will not fade away
But if I die, who will save me?
Deep in the ground, in a house cold without any window.



Ѓорѓи Прчков

# МОИТЕ ЛИКОВИ – ОД СТРАВ И НЕМОЌ ВО РЕВОЛТ КОН ЧОВЕЧКИТЕ ВРЕДНОСТИ



Во почетокот беше Словото. Словото беше во Бога и Бог беше Словото. Словото беше Живот, Животот беше Светлина, а Светлината во темнина свети и мракот не ја опфаќа. Но, мракот залутал денес во својата разузданост како расен тркачки коњ кој не го трпи својот огламник и сака да излезе од контролата на својот господар барем за неколку чекори. Тргнал црниот да освојува заборавајќи ја историјата на неговото појавување кое уште во коренот беше осудено на непостоење. Сепак денес се тие чекори кога неговите крилја имаат најголем замав со кој нескромно речено сакаше наеднаш да го опфати целиот свет, па и мене и моите ликови, второкласни душички подложни на срам и себесожалување.

Во беззаконие сме зачнати и во грев ме роди мајката моја а јас нив. Но, Ти Боже ја засака вистината во срцето наше и внатре во нас ја објави непознатата и тајна премудрост Твоја. Во почетокот беше Словото. Тоа ни кажа дека ќе не спасиш и дека брзаш да го сториш тоа како за сите што ги љубиш. Знаев дека ќе треба да сторам нешто за да Ти се доближам, но мракот уште беше толку убав како по структура така и по сладострастие. Се трудев да го закопам погледот во земјата каде нема да има време да им завидувам на безбожниците, ниту сила да погледнам во она што е над сопствените можности. Застанав на местото кое не припаѓаше ни на небо, ни на земја, и започнав со она што се нарекува почесен обид кога се е веќе одминато. Најмногу што сакав беше да ги поучам нив, од перо створените.

Љуби го својот ближен и мрази го непријателот. Што сум направил

прават ли така и незнабошците, ги љубат само оние што ги милуваат нив. А каде е тогаш наградата? Кога ќе го љубам непријателот свој, ќе го благословувам онај што ме колне, ќе им правам добро на оние што ме мразат и ќе се молам за оние што ме навредуваат. Отецот небесен го остава Своето сонце да грее над лошите и над добрите и праќа дожд над праведните и над грешниците. Да бидеме совршени како Него. Јуда му рече на Исус: "Радуј се Рави! И го целива". Со бакнеж го предаде Синот Човечки. Бакнежот требаше да биде премин на љубовта од еден во друг, нејзина преработка во розова идила, збогатување со сентименталност и повторно враќање во првиот на увид дека вториот има во себе еден од половите на магнетот. Да не ја повторуваме постапката на Јуда, кутриот обесеник кој асоцира на немоќта што ја чувствувам и силата што треба да ја соберам за да го слушнам Исус: "Кој милува татко или мајка повеќе од Мене, не е достоен за Мене. Кој милува син или ќерка повеќе од Мене, не е достоен за Мене. Кој не го земе крстот свој и не оди по Мене, не е достоен за Мене. Кој ќе ја запази душата своја, ќе ја загуби, а кој ќе ја загуби душата своја заради Мене, ќе ја зачува". Да ја загубам душата своја Исусе, секако не вреди многу на оваа почва неплодна и насушна. Да ја истркалам насекаде додека си го најде својот сродник кој со обете раце ќе ја повикува. Спијам, но срцето мое е будно и чека на мостот повик за помош за да скокне во студената вода и го оправда своето постоење. Љубов кон сите! - ми извикува, и ме носи на чело на колоната без оглед на стапиците кои на погорните нивоа се сѐ поподмолни. **Се чувствувам како бланко љубовник кој понекогаш и љубовта кон себе, единствена и нарцисоидно - изопачена, ја претворам во себесожалување. Значи неодреден, на врвот од случувањата со високо подигната глава, полн со исправни теории, стојам и не се помрднувам ни за милиметар како би сторил нешто. Со малото прсте се обидувам да љубам несимпатични лица кое во некое јалово минато би ги срамнил со земјениот прав, и после само неколку милји конверзации чуствувам пот во пазувите.** Топлата вода не е само резултат на моите напори, повеќе е потег на телото да го исфрли гнилежот од мене, постепено во фази, а не драстично преку удар со гром. Во синџир ќе се размрдаат и другите прсти и секој ден исполнет со љубов можеби ќе роди нешто и во луѓе кои не се ренгенски прифатливи. Потоа ќе паднам во бессознание за да ме довикуваат да се разбудам и кога ќе го сторат тоа за прв пат ќе ми биде драго што сум во овај свет. Ќе имам можност со двете очи да гледам во сите кои се загрижени за мене и ќе се радувам дека нешто топло почнало да функционира на најзагрозената релација меѓу сите живи суштества. Можеби и ќе погрешам дека ние се сакаме повеќе од мршојадците и пленот во некоја крвава ноќ.

Но, ете настана голема бура во животот така што брановите го покриваа моето досегашно спознание полно со неотповиклива доверба во

крајот што секогаш добро завршува и упорно ги распрскува моите надежи како нивните капки во молекули од водород, кислород и страв. Едвај можев да ја разберам промената која од дрзок непријател на Лукавиот и верен поддржувач на сеÄ она што симболизира бело, ме претвори во немирен зајак чии очи и уши сигнализираат паника и колебливост во кој правец да се погледне, а во кој да се побегне. Очекував оправдување во јачината на бурата и нејзината немилосрдност обучена да уништува до сто проценти, што од телото, што од душата. Немаше толку да плачам ако водата ми го саботираше дишникот или преполнеше алвеолите. На колена, до црната земја ме понизи мигот кога помислив дека Бог ме оставил, дека тоа беше во време на Неговата починка. А Он спиеше. Селективноста на моето расудување во услови во кои ме доведе бурата, бесрамно ме убедуваше дека Тој е во својот голем кревет сега, таму некаде помеѓу Престолот и реката, таму каде што не допираат моите очајнички извици, каде хармонијата во сонот е поради многуте праведни. Се погледнував во небото и чекав да го пробуди мојата несоница, солзите кои немаа пат во висина, но капеа во низа пресолена, и шепотот кој наликуваше на молитва директно од срцето недостојно, но покаено. Се приближив до Него, Го разбудив и Му реков да ме спаси, оти загинувам. Тогаш заборавив на моите страсти, празни ветувања, осквернети илузии... Заборавив на грчот на Неговото лице додека висеше на крстот со испукани усни кои молеа за нас. Заборавив и на Јагнето кротко застанато пред своите убијци со големо бреме на грбот. Најважно беше мене да ме спаси, оти загинувам. Којзнае како ја замислував таа погибел? Можеби ми беше жал за плотта која ќе им биде храна на црвите. Или страв од вечната ноќ во пазувите на гробот во кој нема ништо освен бескрајно мирување. Или ужас од приказните за котелот полн со врела вода во кој ме превртува притисокот од остар трозабец раководен од црвен ѓавол со црни рогови и иронична насмевка. Без оглед на сеÄ, најважно беше да ме спаси. Тој ќе ме праша зошто сум толку плашлив? Не е одговорот во компарацијата со стереотипот на човечкиот род. За среќа има неколку од нас кои тргнале по долината на смртната сенка и не се исплашиле од злото, бидејќи Твојот жезол ги успокојува. Тој ќе ме праша зошто сум толку маловерен? Не е одговорот во тоа дека не сум видел за да поверувам. За среќа има неколку од нас кои имаат вера поголема од зрно синапово, па планини можат да преместат. Потоа стана. Тој за да ми помогне. Ќе застане ли на чело на армијата од илјадници илјади воини со ореоли кои ќе јурат кон мене, ќе ме приберат во нивните редови за да удриме по демоните и нивната зла совест? Ќе седне ли во ќелијата пред толпата и ќе раскажува парабола со милни зборови кои ќе допираат и до мене вознесен долу покрај Неговите нозе? Ќе ги остави ли деведесет и деветте овци само и само да ја пронајде изгубената мене? Да, ќе го

стори тоа. Им заповеда на ветровите и на морето, и настана голема тишина. Почувствував олеснување во дамарите како некој нов јас да ме повикува да се претопам. Тој беше кристално чист, без товар на грбот и световно однесување. Сакав да го прашам дали сé сврши, но немаше потреба од чудење за благодатта која се гледа додека извира. Ниту за мирот кој се населил насекаде низ мислите. Навистина оваа била мирна бура, ... си помислив.
Бев до болничката постела на совеста, онаа која му се противи на човекот, на оној човек кој сака да постапува по својата телесна волја. И, ако човекот не ја послуша, таа ќе го предаде на своите непријатели. Не знам дали таа се родила заедно со мене или постоела уште во Божјата промисла за моето креирање, но откога знам за себе ги паметам долгите дијалози со нешто длабоко во потсвеста кое изникнува па исчезнува, и кое на моменти се обраќа со тивок шепот, а повремено изненадува со алармен тон налик на удар на камбана со долготрајност од ехо и вибрации. Тој соговорник да го наречам, никогаш не се идентификува ниту како лош кој е населен во мојата глава за да ми го обои светот во розово и дозволи да се заљубам во неговите угодности додека тој ќе стои по страна и задоволно ќе грицка нокти за успехот од заведувањето; ниту пак добар кој душегрижнички шета вознемирено низ мозочните ќелии и се прашува кој е најбрзиот начин разумот да го прифати понуденото. Никогаш не успеав да ја дефинирам неговата улога и желбата да ме опседнува. Барем до денес. Денес, уверен сум дека таа ми е пратена од Бога. Нема да ја воздигнувам, но не можам да не ѝ се восхитувам на нејзината образованост по сите аспекти на Писмото, речитост да во секој настан ги одбере вистинските зборови на прекор и пофалба, и трпеливост да не престане да опоменува дури и кога е бесполезно. Но, малку ме загрижува мојата трансформација во новиот човек која не е толку ефективна сеÄ уште, од што и полесно ми е да разберам зошто понекогаш го заменувам нејзиниот шепот со оној на Лукавиот, карактеристично за заблуда. Ми преостанува напорот да се измирам со совеста моја навреме. Пред вратата на гревот да го сторам сум, и силно биење на срцето и помисла во својство на поддршка дека тоа малечко задоволство и не е некој голем престап, ако изневерувањето на Таткото се мери како мало или големо... Тогаш некој глас ме повикува да застанам со чекорите, мислите, намерата, движењата... За подобар слух и концентрација можеби би било добро да се застане и со дишењето, единствениот импулс кој го нарушува мигот на одлука. Да се постапи по својата телесна волја или не? Ако се послуша телото, совеста ќе ме предаде на моите непријатели. Прво, ќе застанам пред Судијата и ќе немам ништо да кажам во моја одбрана. Ќе пелтечам со фразите кои целиот живот низ страниците ги користев како ѕвезди водилки, а немаа никаква допирна точка со вистинско послушание. Нема да го погледнам во Ликот строг и одлучен,

Судијата кој ќе ме предаде на слугата, а тој со солзи во очите и потемнет ореол за грешник непокаен, ќе ме затвори во собата каде се слуша вечен плач и крцкање со заби. Оттаму нема излез и кога би ги имал сите валути во светот, кога би имал книшки низ сите политички институции во овој универзум и кога пријател би ми бил дури вториот херувим. Ако се игнорира телото, совеста нема да молкне, ќе добие крилја и ќе сфати дека нејзиниот повик го оправдувал нејзиното постоење. Тоа е добро за една психолошка конструкција и нејзината иднина во една душа во која компактноста помеѓу двете ќе создаде и цврсти темели за новата градба, отпорна дури и на земјотрес. Веќе нема да се нарекува бунтовна совест поради покојот со кој ќе настапува и усогласувањето кое ќе иÄ биде возвратено. Ќе биде мирна совест, дефинирана по длабокиот сон кој ќе го овозможуваат и млечните заби со кои неболно ќе загризува во утробата.
Што сум сторил ако ставам нова крпа врз старата облека кога старото ќе се отшие, а отворот ќе биде уште поголем? СеÄ уште сум стариот човек и доблести од новиот нема да ми помогнат ако привремено ги користам како закрпа на раните маркирани како страсти, ниту пак ќе профункционираат хармонично во отпаднатото тело кое со задоволство би ги отфрлило туѓите компоненти. Неуверен доволно во сопствената мисла и полн со надеж дека некоја постапка ќе донесе плодови и покрај тоа што не е спроведена доследно по благословениот пат, ставав стари крпи насекаде и ја очекував нивната добротворност или барем сенка од ветеното за оние кои ќе се родат од Дух. Но, ново вино не се става во стари мевови, инаку и мевовите ќе напукаат, а и виното ќе истече. Попуста ми беше новата љубов ако сум ја ставил како закрпа на старата завист, која и онака не ги поднесува другите, но сега загрозена лично себеси со покривката која ќе треба да ја облагороди, па и замени, ќе биде уште повоинствена во напорите да го напушти темниот ќош во кој кршеше прсти и гризеше усни по среќата од ближните и стигне до првите редови на фронтот со директно влијание во борбата за отфрлање на новата крпа. Попусто ми беше новото смирение ако сум го ставил како закрпа на старата похота, која и онака беше навикната да врие и пече, но сега загрозена лично себеси со покривката која ќе треба да ја лади и заузда, да ѝ шепоти за наградата во височините подрагоцена од трулежното самозадоволување, ќе биде уште повоинствена во напорите да го напушти казанот полн со оган и смрдеа и стигне до првите редови од каде лесно ќе го погоди разумот со својата илузија дека наситеноста, оргазмот и поседувањето се категории силни по својата краткотрајност и полетување. И попуста ми беше новата вера ако сум ја ставил како закрпа на стариот сомнеж, кој и онака ми оттурнуваше сеÄ што е свето, и сега загрозен лично себеси со покривката која ќе треба да го обнадежи и ослободи, претвори од

колеблива ларва која ровари низ душата во прекрасна пеперутка со боите на виножитото и денот кој не заоѓа, ќе биде уште повоинствен во напорите да го напушти гнездото на непроспиени ноќи и стигне до првите редови на фронтот од каде ќе штрајкува против Бога, Кој не може да Го здогледа и благодатта за која не знае кому се објавува. Туку ново вино се става во нови мевови, па така ќе се запази и едното и другото. Ако бидам нов човек ќе наследам и храм очистен со многу место за Светлината. Новата љубов ќе сака да го прегрне целиот свет, онака горделив, завидлив и суетен, како превезот на нејзините очи да ги избришал заклучоците за природата човечка. Се ќе биде онака како тоа го сторил добриот Самарјанин или по поуката ближниот свој да се сака како себеси. Новото смирение нема да го памети бунтот на телото во минатото и ќе биде сведок на молитвата кон Бога да ја изгони помислата за други нечисти утра и мир за денот денешен и покрај честите револуции надвор. Како куќа изградена на камен ќе стојам насреде злото, неговото семејство и познаници, нивните намери да се откаже Небото, стравот од Апокалипсата, математичките прогресии на инсекти и вулканите за кои се очекува да татнат, и нема да се исплашам само поради Твојот жезол заштитник. Новата вера нема да ги бара отворите од клинците за да се увери дека Јагнето беше на крстот и за мене. Ќе биде силна така што ако сака и планини ќе поместува, ќе знае дека смртта на земјата е само сон за домот на ангелите, и ќе гори се додека не ме однесе таму. Отсекогаш со неспокој сум го препрочитувал овој дел од Писмото длабоко уверен дека ниту мудроста ниту понизноста ми беа доволно силни за да го протолкувам на начин кој ќе овозможи и понатаму овие стихови да останат свети според местото од кое потекнуваат. Битисувањето низ светот и годините кои носат искуства од средби или од и по неколку пати прераскажани преданија во озборувачките кругови, почнаа да ми ја подигаат маглата од моите застрашени размислувања околу суровата вистина на овие зборови и се поцврсто да ме убедуваат во Христовото дека ниту јота од пророштвата ќе биде променета додека сеЌ не се исполни. Жалосни сознанија за неразумноста. Ќе предаде брат брата си на смрт и татко чедото свое. Фобијата за загрозеноста на личната егзистенција, егоцентричноста и веќе абнормалниот приод кон земскиот живот, кон неговата краткотрајност и настојување да се грабне што повеќе од него, ги претворија мнозинството од жителите на светот во суштества со канибалски порив кои сигурно нема да се обидат да се хранат со телото на својот ближен, но доста потврдено би пробале, а подоцна и би ги присвоиле неговиот имот, среќа, насмевка, па и дел од душата доколку би можеле да ја вклопат во сопствената конструкција. За да дојдат во позиција да земат, мора прво да предадат и тоа најчесто со откажување од својот ближен, или поточно со отфрлање на заштитничката улога кон него, односно

она што требаше да значи правење милост и љубење како себе си. Потоа е лесно, исконските врски се во прекин, а Лукавиот веќе почнал ближниот да го претставува како објект на сеисполнетост кој ако не сака да подели ќе мора да биде ограбен. Но, обично тоа не е доволно. Ќе станат деца против родителите и ќе ги убијат. Ближниот е веќе лишен од она што го правеше примамлив, понижен и истоштен пред судови, вчудоневиден и згрозен во пустошот. Зошто сеÄ уште ќе биде цел на напад и волја да се ексхумира неговата празнина? Дали обидот за физичка ликвидација е начин и сосема да се избришат спомените на него кои сепак оставиле траги од една добрина или кроткост барем во градината, помеѓу цвеќињата? Или можеби неговото непостоење ќе го намали гризењето на совеста, ако така може да се нарече нештото на нејзиното место, и ќе обезбеди спокој и покрај толку гревови? Или тоа беше плодна омраза во сомнителен правец? Предавство, смрт и омраза од сите заради Неговото име. Поменувањето на тоа Име требаше да биде лозинка до секое срце кое макар малку посакува спокојни денови. Но, сега тоа стана пречка поголема од каменот за сопнување. Омраза од оние кои не го прифатија како Бог бидејќи си имаат други, свои. Омраза и од оние кои се плашат од Него, но таа е поголема од стравот, а тлее поради погрешното толкување на Неговата љубов. Омраза во хаос, проширена по земјата со една зла и многу лукава долгорочна стратегија. Но, кој ќе претрпи до крај, ќе биде спасен. Ќе го подигнат бели, меко мовлести крилја и оддалеку ќе го гледа огнот во кој омразата врискајќи ќе си споменува за своите пакости. Таму високо нема да го чувствува смрдливиот здив на едни зборови кои не беше можно да излегуваат од човечко срце, толку мало за толку голема темнина, толку празно за толкав број на влекачи кои сами по себе претставуваа презир. Нема ниту да забележи колку му недостасувала утринската молитва со која го каеше гневот насобран против секој кој Него му го проколнуваше. Ќе биде вечен со новите погледи кон содржината на душата, силно осветлена дури и во пластовите кои некогаш обилно крвареле.

Колку ќе биде убаво на небото. Врвулица од луѓе во бело кои воздухот го прошаренуваат со палмови гранчиња во знак на поздрав до Семоќните на престолот и комуницираат помеѓу себе со вечната насмевка по која се препознаваат од Кого се. Таму никој не разговара, ниту помислува од каде им потекнува таа насмевка, бидејќи самата радост во нив го направила своето. А радоста пак, се раѓа во мир, во таа благословена состојба на душата која е секогаш

на чекор од нашите теоретски познавања, но светлосни години далеку за да би се грабнала. Да заклучиме дека во тие луѓе ќе има многу мир. Кога сме веќе тука на земјата, да го искористиме ова преодно време и заработиме својот мир. На прапочетокот Бог ја создаде земјата и вдахна живот на неа. Отпадот го уништи вечниот живот и ја мигрира помислата за смртта. Исус дојде на земјата, Го презеде отпадот и не помири со Таткото. За момент помислив дека Јагнето ни донесе мир. И така започна моето мирносување со светот и се во него. Си ветивме мир со лакомоста. Да конзумираме храна во поголеми количества од волуменот на нашиот желудник и од неговиот потенцијал таа храна да ја изработи, а таа да не заборави да не потсетува кога сме гладни. Си ветивме мир со блудот. Да ги замислуваме сите жени во нашата постела, а тој да го промени обичајот и ни го втурнува мирисот на сопствената откако се биде завршено и доцна во ноќта почнат да не презираат и сенките по ѕидовите. Си ветивме и со зависта, да ги пребројуваме прозорците од куќата на нашиот ближен, вошките во неговата коса, ратите на неговиот кредит и сеЍ она она што се собира, додека таа ни подари калкулатор за да ги ставаме во сооднос нашите. Си ветивме со гордоста, да си прошетаме како паун, со глава високо во облаците од каде не се гледаат останатите мизерни припадници на човештвото, а таа да ни го подигнува носот ако случајно ни падне на земја. Си ветивме со парите, да ги расфрламе низ желбите, а тие да ни се враќаат во сеЍ она што е видливо, големо, сјајно, бело, пловечко, возечко, топличко, прељубно... Си ветивме со гневот, да му бидеме господари и да ја предводиме бурата, а тој нас слуга кој јаде од нас. Но, немало мир со овие нешта. Тие ветија, излажаа, а потоа имаа големи изговори за своето однесување. А и Исус не дојде на земјата за да донесе мир, туку меч. Со меч да се подели храната на неопходна да се одржува телото за молитва и онаа која ќе се исфрли додека не го соблазнала окото ненаситно. Со меч да се прободат гениталиите кои ја игнорирале Песната над песните во која возљубената бара бакнежи на устата и милувања подобри од вино. Со меч да се ресетира калкулаторот за да покажува колку овци ќе треба да му подариме на ближниот за следната пролет да има три пати повеќе јагниња од волци во куќите. Со меч да се пресечат боите на опашката на паунот, за да таква опустена не се охрабри да ја подигне главата повисоко од црвјата во почвата. Со меч да девалвираат парите и станат обична хартија од која ќе се прават етикети со цртеж на тоалет. Со меч да се предизвика гневот и во двобојот се преполови на смиреност и кроткост.

Колку ќе им биде убаво на небото. Врвулица од луѓе во бело и за ниту еден би помислил дека нивните раце некогаш носеле меч наместо тие палмови гранчиња. Ниту нивната вечна насмевка прилега на воини кои со строги, намуртени лица се подготвени да прободуваат и сечат. Можеби мечот

и не бара толкава немилосрдност за да би бил употребен против нешто. Или пак немилосрдноста е разблажена со сеќавањата на змијата и нејзиниот отров кој се шири во нас, во нашите деца, во нивните, и насекаде... И тогаш единствен избор е мечот кој удира на се црно во себе и се додека останала последната тревка од плевелот. Пред очите на разумот ми поминуваат безброј слики на лица познати и непознати во некоја фотографска техника чија брзина ми дозволува да се задржам на нив определено време, но недоволно долго, ниту целомудрено да оценам од кого треба да се пазам. Речено е генерално од луѓето, па тргнувајќи од мојата целосна заслепеност да поверувам дека постојат нечии очи и срце поразлични од оние што ги познавам, а се подготвени да напакостат, тогаш навистина ќе се пазам од луѓето. Но, не од она што ќе ми го сторат, и онака тоа ќе биде дел од благодатта да се помине низ искушенијата како и Јагнето, туку само да не им се придружам. Ќе ме предадат на судовите. Кој суд би осудил некој со крстот на челото, освен оној кој слугува на Лукавиот и неговата идеја да ги сотре сите души копнежливи по Господа. И ќе ме бијат по црквите нивни незасрамени од мирисот на воздухот и еуфоријата помеѓу камењата, за кои се убедени дека го привлекуваат и задржуваат Духот. И се сомневам дека ударот од камшикот повеќе ќе боли од помислата дека тоа можеше да биде дом на нашиот Татко. И ќе ме одведат пред моќници за да сведочам пред нив и незнабошците. Кој е Исус ќе запрашаат, Кој се осмелил да се прогласи цар на царство, а се огрешил на нивните ритуали да започне од најниско на скалата како обичен подлец и дури по години докажување и прогрес да заслужи таква функција? Кој е Тој, Кој кради од нивните слуги, ги нарекува деца и им нуди наследство за кое нема да плаќаат ниту закуп, ниту крв, ниту ќе продаваат тело? Кој е Тој, Кој  лекува болести и човечки немоќи, а не го користи срцето како стока во продажбата на органи или рацете како место за вбризгување на дрогата? Кој е Тој, Кој има милозлив поглед и нежна рака и сака да допре насекаде по пустошот идеално осмислен за да се владее во светот? И каде е Тој сега? Нема да се грижам како или што ќе им зборувам, бидејќи во тој час ќе ми биде дадено што да кажам. Ќе им речам дека Тој е Богочовекот на Кој не му се потребни избори за да се прослави како Цар на Небото. Тој измоли место од Таткото за сите Негови кои после ројадокот на изворот на жива вода ќе предремат до дрвото кое раѓа дванаесет пати. Тој е Лекарот на души повеќе отколку тела, Кој сам чука на портата да провери дали сите чеда се добро. Тој сега е сеприсутен, во сите очистени човечки храмови, кај покајниците со шамивче кон солзите и до тврдокорните со силен Глас против стапиците на сатаната кои мора да се заобиколат. Бидејќи нема да бидам јас што ќе говорам, а Духот на нашиот Отец ќе говори во мене. Ќе стојам како кип од мермер со замрзната гордост која ќе сака да се истрча пред Духот и каже посилна

мудрост. Или како санта вечно нестоплив мраз кој победил и еден Титаник, па преполн со историска сила да се излее пред судиите и ги потопи заедно со нивната пресуда. Ќе молчам со сиот оган во мене, многу силно притиснат од неговиот пламен кој неконтролирано беснее да се ослободи од мене, од казаните и дури и од молњите, за да ја опожари судницата и нејзината неправедност. Ќе плачам од лутина со заби скрцкани во бес незапирлив, со гнев веќе собран во грлото и потреба да се вреска против неумието и самодоволноста, со можност да се предизвика земјотрес кој судството би го проголтало. Но, нема да бидам јас тој што ќе говорам, а само Духот на нашиот Отец ќе говори од мене, и ќе ги им го вдахнам на моите ликови да го пренесат истото додека малку отпочинам.

Gjorgji Prchkov

## FROM FEAR AND POWERLESSNESS TOWARDS SELF-PITY AND REVOLT AGAINST THE NEAREST

I feel like a blank lover who sometimes turn his love for himself, unique and narcissistic - perverted, into self-pity. So indefinite, at the top of the events with my head held high, full of sound theories, I stand and do not move even an inch to do something. With my little finger I try to love unsympathetic people who in a barren past I would flatten with the earth dust, and after only a few miles of conversations I feel sweat in my armpits ... And Jesus did not come to earth to bring peace, but a sword.

Maybe the sword does not require so much ruthlessness to be used against something. Or ruthlessness is diluted with the memories of the snake and its venom that spreads in us, in our children, in theirs, and everywhere ... And then the only choice is the sword that strikes everything black in ourselves until the last grass of the weeds. In front of my reason's eyes pass countless images of people known and unknown in a photographic technique whose speed allows me to look at them for a certain time, but not long enough, to find out from whom I should beware. Starting from my complete blindness to believe that there are someone's eyes and heart different from those I know, which are ready to hurt, then I will really beware of people. But not from what they will do to me, anyway it will be part of the grace to go through temptations like the Lamb, but just not to join them.

Илче Стојановски

# ЗА ЦРНО – БЕЛИОТ СВЕТ



И поетот е дел од светот, од секојдневието. И во минатото, и денес, и во иднината. Дел од општеството и опстојот на човекот во него. Чувствата се негова постојана сенка и светлина во црно-белиот свет и разнобојното виножито на небото создадено од сонце и дождовни капки од кои се раѓа поетската мисла и зборот.

Животот се состои од светлини и сенки во имагинацијата на поетот, а во реалноста се повеќе се чувствува страв, осаменост, неизвесност... „Не барај го сонцето подалеку од твоите очи, светлината на зраците што го заслепуваат погледот во осаменоста во тишината..."

„ Црно-белиот свет го разубавува спектарот на виножитото, насликано на синото небо"

„ Тоа бескрајно платно на животот каде светлините и сенките се испреплетуваат, како нашите судбини што не следат во нашите чекори, стапка по стапка..." **(Светлини и сенки)**

„ Чекорот и погледот/Вербата во разумот/ Стравот од стресот/ Ја погодува целта. Човекот во мислата/Секој ден/ Ја носи врз себе/ Тежината на судбината. Таа е во него/ Од раѓање/ Од создавање/Вгнездена во дамарите. Самоспознавањето/Ќе му помогне/ Да ја допре/ Да ја почувствува/ И да знае да живее со неа." **(Судбината)**

„ Тајната скриена во сонот, во сончевината на денот постојана сенка, ветрогон во совеста, вечен сопатник по патот на мислата." **(Тајна)**

„ На секој камен писанието го пронаоѓам како аманет... Татни зборот во заборав скриен, од душата како рик на дива ѕверка од нанесена болка и лузна врз телото прудолу се тркала низ стрмолијата по јамата откај Томорос..." **(Татнеж од Томорос)**

„ Вечерва птицата одлета од своето гнездо
Како сонот од мојата постела
Ја барав денонoќно за да заспијам
Под нејзиното крило но попусто било.
Таа птица преселница и мора да одлета
Како детството во младоста
Како радоста и тагата
Што се чува во спомените.
Ќе побегнам и јас таму
По патот далечен и неизвесен ќе тргнам...“ **(Сон)**

„Тргнав сам по патот на неизвесноста...“ **(Сопатник)**

„Тој е скриен од сите пороци на овој свет за да си го сочувам својот мир и трпение, замислата да си ја скројам по моја мерка пред да излезе надвор од срцето – од душата.

Колку пати сум ја затворил вратата со својата сенка да го зачувам мојот лик во одајата на мојот сон каде живее вечната тајна на потсвеста.

Тишината ја множам со нежност за да преживее и да векува крикот на зборот на песната од малата птица што ја очекувам.

Душичка..и трепери срцето од страв штом застане врз мојата дланка како во гнездо...“ **(Таен влез)**

... Застани малку на мојата дланка крилата да ти зацврснат, небото и воздухот не се како земјата. Тоа е високо, далечно и бескрајно, неизвесно... Застани малку... чувствата ти се пред мислата...“ (Сонце во сонот)

Секојдневно, катаден ја играме таа бескрајна, таа животна игра – неизвесна и груба...

Некогаш е темно, некогаш сјај.

Влегувајќи во неизвесност што постојано не демни на патот на сонот.

Мислевме дека е поинаку но се излажавме... и сега сме дел од бескрајот и неговите правила на игра кои треба да ги почитуваме.“ **(Игра)**

„Е мој сопатнику, ти се поклонувам пред твојата моќ да ме преобразиш тивко и ненаметливо. Ти си живот, времето што одминало... ја чувствувам твојата сенка врз моите плеќи како ми натежнува.

Ете денес се сетив на твојата сила Господе... дај ми само трошка леб и капка вода за да го продолжам патот...

Застанав, само да се одморам малку од многу брзање низ животот, мислејќи дека ќе успеам со десет прсти да стигнам до сонот, до срцето.

Се сетив... и свесно, со тивок чекор зачекорив мислејќи дека така побрзо ќе

стигнам да се скријам во прегратките на својот сон." **(Животот и сонот)**

„... Мило мое, животот е чудна игра, борба бескрајна и беспоштедна со победи и порази, искачувања и падови, со безброј искушенија и сплетки но и бескрајни убавини..." **(Вчера, денес и утре)**

„Светлината од сонцето ја разлева во мојот сон пред мојот праг за патот до мислата да го најдам а патем за да не се изгубам во тој животен кошмар од безброј разнобојни слики брзи и динамични како на филмско платно насликано од животот.

Морам да стигнам до прагот и да зачекорам молкум во тишината во куќата на желбата збор што се вика и цврсто и силно да стапнам за да не ме убие неговата моќ." **(Зрак)**

„Аманет кој се чува, се сонува во сонот. Десетденарка скриена во дланката, изгужвана, нераситнета, и неколку врвци во џебот за да си ја завраеме лозата, да ја зачуваме.

Само споменот во сонот ми остана, лик скромен со очи влажни. Прости ми што ретко те спомнувам, ама сите куќи за кои ми зборуваше ги изградив... или можеби само се потрудив да ги градам.

Таа мисија е тешка и бескрајна, па затоа, само Господ го молам да ми даде сила и моќ прд налетот на ветриштата темелот да го дочуваме, кровот над главата од последната куќа каде ми спијат децата, семејството каде седнува на трпезата, каде секојдневно и спокојно го пречекорувам прагот на моето битисување, каде постојано го сонувам сонцето и споменот полн со светлини и сенки врз ѕидот." **(Спомен во сонот)**

„Сега знам дека постојам за да сонувам, да спомнувам денови, времиња што поминале полни со светлини и сенки низ животот минливи...

Со спокоен чекор ја врвам патеката...го носам бремето врз своите стари плеќи и зборовите тешки од песните пред да излезат од внатре, од утробата молкум да се измолкнат.

Буква по буква ми се тркалаат од очите низ главата и дамарите до срцето и душата... и назад – во круг, каде се таложат како зрна песок врз езерски брег..." **(Сега знам)**

„...Брегот сеуште опстојува како засидрена чунка и спомените сеуште ги чува пред налетот на ветрот што дува и ми носи мирис на свежо печен леб од старата фурна..." **(Брег)**

„Им ја раскажав приказната на моите деца/ Животната приказна... тешка како камењата на Галичица како белите стени крај Преспанското езеро кај Стење... ја симнав од моите плеќи јанѕата..." **(Видиковец)**

„...Таа крошна како брод се ниша во длабока вода животна приказна е од трите наречници на третата вечер што претскажале.

Таа судбина што како сенка не следи во секој чекор, напред – назад, лево и десно, горе и долу.

Господе Боже, дај му здравје, среќа и успех, храброст и мудрост на ова дете – се помоли мајката, гледајќи во крошната.“ **(Крошна)**

„Зборот е магична слика, го покажува и тоа што не се гледа. Затоа, воздигни ги твоите зборови а не твојот глас... ми прошепоти Тој... Гласот на мудроста тивок како мирис на цвет после дожд...

Цвеќето расте од дожд, не од грмотевица, ми вели...“ **(Глас)**

„Трагајќи по изгубениот сон стигнав до раскрсницата на животот... Срцето оставам да ме води понатаму, да ми го покажува патот, да си го најдам сонот недосонуван.

Во него како во огледало се огледуваат сите овоземни човечки страсти, желби и надежи. Останува на мене, по сопствена волја да си ги изберам вистинските, посакуваните... без да повредам никој друг освен себе си.

Во молитвата го најдувам спасот од погибијата на совеста и свеста и свото јас. Морам да избирам страна... Сепак ќе го следам сонот што го пронајдов во своето срце... Таму ми е испишано името и судбината.“ (**Изгубениот сон во срцето)**

„Псалм по добрината, по вистината... Молитва до висинат каде царува убавината. Да исчезне немирот, неспокојот да истече низ браздата на суводолицата за надежта да се врати – силна да биде кога нов ден ќе се роди поинаков од вчера... Амин Господе!“ **(Псалм)**

„Ја испишал историјата како тежината врз своите плеќи и упорно молчи.“

„Во лузни вековни останале траги од молкот и тишината... писанијата...“ **(Камен)**

„Полека расне во мојот сон тоа палаво, тоа немирно дете во мене.

Го негувам и го хранам, го храбрам и го учам сонцето да го сака...

А тоа сака да си игра со својата сенка како јас со спомените и судбината во сонот со утринското сонце...“ **(Детето во мене)**

Колку е малечка а немирна... се распрснува на илјадници делови, водена прашина низ воздухот создава а ветерот ја разнесува далеку, далеку...“ **(Капка)**

„...Белата птица, малата птица – пилето со грло песнопојно вгнездена во моите гради, чувствувам како и бие срцето. Молчи во тишината исплашена... трепери... спремна да ги рашири крилјата па да првне, да летне и при хајмал шум.“ **(Бела птица)**

„Татни тој пустиот, незапирлив и осамен збор, не сака да остане закован во прангите на душата. Толку е немирен и силен како гром, како рик на дива ѕверка што од планината се слуша, низ јамата како карпа се тркала.“ **(Зборот)**

„Се вгнездува во душата тој немир, тој етнос, вез од живи бои и шари, се буди заспаниот сон...

Годините го执 стареат телото... Откажувањата од соништата ја стареe душата... мораш да сонуваш, ми рече мудриот глац на тишината.

Денес повторно ја сонувам светлината – сонцето во моите очи... за да продолжам понатаму по мојот пат... судбината да ја следам... зборот благословен...

Силата што Господ ми ја дарил... што како сонце во сонот постојано ми свети...“ **(Слика)**

Ilche Stoyanovski

## ABOUT THE BLACK AND WHITE WORLD

I have to reach the threshold and step silently into the house of the desire called word, and step firmly and strongly in so that its power would not kill me.

"A bequest that is kept and dreamed in a dream. Ten denar bill hidden in the palm, crumpled, and few strings in the pocket to tie the vine, to save it."

That mission is difficult and endless, therefore, I ask only God to give me strength and power before the gusts of wind blow oyp foundation, the roof over my head from the last house where my children sleep, where the family is at the table, where daily and peacefully I cross the threshold of my existence, where I constantly dream of the sun and the memory full of lights and shadows on the wall.

“Now I know that I exist to dream, to recollect days, times that passed full of lights and shadows through this life transient ...”

I walk the path with a calm step ... I carry the burden on my old shoulders and the heavy words of the songs before they come out from inside, to silently escape from the womb.

Биљана Тодоровска

## РЕВОЛТОТ НА ПОЕТОТ ВО МЕНЕ




Не, јас не сум поет, јас сум само Господар на хаосот во моите мисли создаден од стравот. Кога размислувам за стравот и неговата голема длабочина, доаѓам до сознание дека ете тој, баш тој е виновен за уништувањето на љубовта. Моите ликови се болни, од љубов, за љубов, копнеат да бидат сакани, да сакаат. Денес често ја сретнувам мислата: „ Сакајте се себе си." Токму во тие моменти кога ја слушам, ми се превртува желудникот, добивам нагони за повраќање, заради нејзиното нејзиното грешно толкување. Како може во ова време на современа технологија, напреден свет, преку вештачката интелигеција толку ad hominem, да се токуваат мислите? Од таа храброст да се толкува туѓата мисла без да се знае туѓата душа, себичноста расте вртоглаво. Во Христијанството се рекло: „Сакај го ближниот, како себеси" ама штетата е веќе сторена, за жал. Обратно од нив, од нивната плитка површност, чувствувам дека, колку повеќе ја давам љубовта толку повеќе ми се враќа. Пливам во нејзините длабочини, маѓепсана од убавините. На различни начини, форми, облици... Се појавува во сите нејзини пермутации, варијации и веројатности, дека мојот главен лик соочен со суровоста на животот ќе ја запознае. Затоа крајот не е крај туку нуди можност за продолжување и нови почетоци. Ќе ја запроси пред сите, таа ќе прифати, но... Дали ќе бидат заедно? Ако треба сега да напишам продолжение, би била многу посурова. Од него би направила кукавица. Како плеадата ликови кои што ги сретнувам во животот. Кукавици пред стравот, сокриени во сопствената кожа. Живеат по инерција мислејќи дека се совршени суштества, заборавајќи дека утре постои, се сокриваат зад стравот. Ликовите кои ги создадов во налетот, од бурата се шегуваат на

на сопствена сметка. Во предолгите болнички денови, сите заедно се помагаат. Таму нема нити телевизор, затоа доаѓаат до израз нивните карактери, преклопувања, споделувања, на проживеаното. Се учат на многу животни лекции од вистинско значење. Како се помага секому! Некогаш голтката вода во ноќта кога устата пека, на личноста, од немоќ „врзана“ за креветот, за некого тоа е само ноќна прошетка низ болничката соба, а за друг спасување на живот. Таа насмевка која блеснува во тие мигови е посјајна од сите ѕвезди на небото. Секогаш копнежливо тивко се плаши да не не ја пронајде вистинската љубов. Гледа како се раѓа чекајќи да светне зеленото светло на семафорот, на автобуската станица... Насекаде. Надежта на крај победува, и пркоси на стравот, погледнува во очи на судбината. Која не е ништо друго туку природен тек на нештата. Болеста доаѓа, проаѓа, ако се задомаќини тогаш мора да се чекори во од, со неа. Борбеноста е одлика на храбрите, храборост треба за сè, најмногу за живеење.

Потпрена на моите два животни столбови, информатиката која заеднички ја љубевме и драматугријата, која ја сакам со цело свое битие, само за себе, талкам низ ноќта. Затоа што при нашата разделба си ги поделивме, за него денот, за мене ноќта. Кога сама со мислите, кога во друштво на Месечината, како палир ги кројам моите ликови. Скоро секогаш од таа стара болка, болена, доболена, преболена, е извор на неисцрпната инспирација. Која се раѓа во раните утрински часови, остава без сон и ги држи мислите, како јарем, зошто можеби една точка ќе избега. Клучната која треба да стави крај на сè. На сите стравови дека повторно, „ТОЈ“ ќе замине без збор, а нити самиот знае зошто го прави тоа. Никогаш не кажа, зошто замина, само немо ме одмина, како девојка недостојна за љубов. Истата горчина долги години, се крие во душата. Бигор и голема тага. Нашата приказна е запишана, се сретнавме еднаш, се љубевме, повеќе никогаш не се видовме. Како Сонцето и Месечината се разминуваме без да се сретнеме. Во илјадниците зборови напишани, го сакам, не го сакам, лута сум, среќна, тажна, му се радувам дека е среќен со другата. Газам боса по срчи од стакло, но не ме боли, затоа што ништо не болело повеќе од душата. Од тогаш лутам низ лавиринтите од животот. Сама е најдобро зошто никого нема да можам да обвинам дека ми поставил сопка. Можеби обратно, најчесто е така. Кој застанал, не само сопка, туку често ме турка во бездна од која нема излез. Вината секогаш, паѓа врз мојата грба. Можеби е тоа големата себичност, ама не би сакала никој друг, да го боли, да ми ја чувствува мојата тага. Како паѓам, како станувам, колку мачи, зрното прашина, од кое градам нов Свет. Моите ликови од стиховите ги учам да се сладат со пелинот. Често низ соништата шетаме заедно, по старата улица, се држеме за рака, ме чува во прегратките, блиску до срцето. Колку е сега далеку. Светлосни години, како никогаш да не бил. Беше сè на

светот, другар, љубовник, сакан, лошиот кога се раправаше. Сега е тука постојано. Во стиховите, буквите, во сите интерпункциски знаци. Чекори смело, ми ги прегазува ноќите низ сонот, остава трага без страв. Зарем не се плаши од карма, „ТОЈ" на кого целата младост му ја дадов на дланка? Ако не верува во нејзините закони, тогаш во Њутновите треба. „Секоја акција има своја реакција" вели Исак во третиот. Не за да нè исплаши, туку да нè потсети дека, секое добро за добро е.

Од револт во една драма, пишувана за потребите на специјалистичкиот испит, како две засебни монодрами на една сцена, женскиот лик со многу иронија и сарказам ја искажува болката. Како два антипода на една сцена го изведуваат само напишаното, за публиката. Предизвикот беше да се напише нешто за кое режисерот ќе рече: „Нормална си? Играта на сцена, а ликовите да не се видат, да бидат постојано завртени грб со грб е претешка." Играта потсетува на нашата приказна. Содржината на текстот е исто комична создавана низ монолозите на двата ликови кои се надополнуваат еден со друг. Кој знае можеби до ден денес барем еднаш дневно се прашуваат каде е, со кого е? Само, можеби. Бидејќи тој се плаши од болеста наречена: „Самотија." Како што моментално театарската сцена е болна, за играта на неа, за празната сала, очајува за публиката. И неа ја исполни болната осаменост на која никогаш не помислуваше. Исто како човекот. Не помислува на болест, мака, додека не почувствува на сопствена кожа. Никој, никогаш, да не ја почувствува таа тежина.

Мојот лик е Immoralitas, затоа што живее испишан на различни страни. Верува во возможното, чека да се случи невозможното. Распореден, во стихозбирка, роман, драма, но каде да е, вечен е. Поетот беснее во мене изреволтиран од заборавеното. Денешницата го измени му додаде нова технологија, направи да се заборават старите вредности, кои само со душата и солзите се плаќаа. На предметите им се даде повеќе значење од колку на човекот. Сретнувам илјадници пријатели на социјалните мрежи, но кога треба да излезам, немам со кого. Кога треба да ме допре топла човечка рака, нема никој. Изгубени во времето и просторот љубовта се осквернави а под нејзина импресија останаа само убавите спомени. Затоа поетот во мене не мирува, се бунтува, пишува, кажува сè што му лежи на душа. Сепак уметноста е таа која може да го смири револтот и да го спаси светот. Ars longa, vita brevis.

Biljana Todorovska

## THE REVOLT OF THE POET IN ME

No, I am not a poet, I am only the Master of the chaos in my thoughts created by fear. When I think about fear and its great depth, I come to the realization that it is he, only he is the one to blame for the destruction of love. My characters are sick because of love, for love, longing to be loved, to love. Today I often meet the thought: "Love thyself." It is in those moments when I hear it, my stomach rebels, I get the urge to vomit, because of its misinterpretation. How in this age of modern technology, advanced world, through artificial intelligence in way of ad hominem, thoughts to be interpreted?

There is a pleiad of characters that I meet in life. Cowards in the face of fear, hidden in their own skin. They live by inertia thinking they are perfect beings.
My character is Immoralitas, because it lives written on different sides. He believes in the possible, he waits for the impossible to happen. Arranged, in a collection of poems, a novel, a drama, but wherever it exists, it is eternal. The poet rages in me revolted by the forgotten. The contemporary world changed it, added new technology, made to forget the old values, which were paid only with the soul and the tears.

The objects are given more importance than man. I meet thousands of friends on the social networks, but when I have to go out, I have no one to go with. When I need to be touched by a warm human hand, there isn't such. Lost in time and space, love is desecrated and only the good memories remained under its impression. That is why the poet in me, lonely among the people as a theater stage, without an audience, that despairs for the audience, does not rest, rebels, writes, says everything that lies in his soul.

I strongly believe, that the art that can calm the revolt and save the world. Ars longa, vita brevis.

Добре Тодоровски

## МОЈОТ РЕВОЛТ КОН ЧОВЕЧКИТЕ ВРЕДНОСТИ ИМА МЕРКА



СОСИЛА НЕМА УБАВИНА
(Народна поговорка)

Откако човекот зазнал за себе, се обидувал да изнајде начин, како би живеел во заедница со повеќе луѓе, а се цел обезбедување поголема сигурност и подобра живеачка. Организирајќи се во заедници (основни и први здруженија) ја почувствувале добитта од тоа. Така почнало современото живеење со усовршување на технологијата, сè до денешни дни, модерниот начин на опстој и живеење. Но, останало едно непишано правили, норма која се провлекува како нишка низ сето време, а тоа се моралните вредности на човекот, по кој се развлекувале од дамнина до денес. Навики и однос препознатлив за секој и секого, во зависност од возраста. Култура на однесување. Не дека денес не се практикуваат, ами тие се толку сведени на ниско рамниште што човек навистина мора да се загрижи. Покрај тоа што се формирала некаква држава на која и се дадени закони кои со спроведувањето треба да обезбеди нормален и достоинствен живот на човекот, сепак истите норми која самата таа ги донела не се практикуваат. Секоја држава за себе.

Овој вовед го изнесувам затоа што кај голем дел од ликовите во моето творештво базичното е во настојба за опстојба, односно каква таква егзистенција, забележена во времето и просторот во кој се наоѓал. Интересно е како не се работи за имотни, имашни ликови, ами за сосема обични луѓе, и покрај сите случувања, стравови и ужаси, тешки човекови неправдини, омаловажување, потчинување и потценување од сите околу нас, од оние кои полакомиле по македонското парче земја, како нешто најсвето, завештание

некое останува довербата и почитта кон блискиот човек, во дадениот збор и завет. Револтот се јавува кога ќе се посегне по неговото достоинство, негирање на неговото, одземање на зборот, небаре е безгласна лиотинка, затоа што со тоа умира и честа како највисока морална и етичка вредност.

Како типичен пример би ја навел содржината во расказот „Побратими“, каде што мојот пра-пара-пра дедо се побратимил со некој човек - касап, затоа што, години пред Илинденското востание му се нашол во зло време, го куртулил од некои клети луѓе. Се побратимиле и се посватиле под еден „петрафил“. Оттогаш нивните фамилии, еден кон друг се однесувале како браќа. Ова го кажувам како показ, затоа што и ден денешен, ние нивните потомци сè уште држиме, се повинуваме до нивниот даден збор и се почитуваме нешто како најблиски роднини.

Не дека низ времињата немало погазување на човечките морални вредности, но во денешно време е далеку поизразена несигурноста кај човекот и изгубената верба во сè што треба да е верно а не е.

Аналогно, во една таква немоќ нешто да промени, се рефлектира и на писателот, па тој своите ликови ги поистоветува со моментните состојби. Неминовно сликата се гради од духовната состојба на ликот, а на писателот останува колку вешто ќе го прикаже во позитивна или негативна смисла.

Ликовите својата несигурност и револт најчесто ги изразуваат низ погрдни зборови, пцовки и клетви но никогаш да не ја преминат границата. Мислам да не се претера. Интересно е тоа што ликовите често преку неправдата преминуваат мирно, следејќи го својот животен кроток ōд, со многу верба и надеж дека времето е на нивна страна („Третата жена“).

Ретки се, многу ретки се моментите, стожерните ликови, својот револт да го искажат на насилен начин, со причинување на материјална или телесна повреда. Тоа е исклучок кога ликот е ставен, доведен во афектна состојба.

Како поткрепа фрагмент од романот „Сестра Касијана“, како показ дека револтот се искажува на поинаков начин.

...- Затоа, емоции мила... За таква песна потребно е да се искажат емоции до болка... Нешто налик кога некој со сила ти одзема од твојата сопственост и го носи во неповрат, небаре ти го менува името, ти ја менува верата, а ти покрај сè, пееш за воскрес. Ете, така некако, со такво чувство ја испеал некогаш одамна, некој наш паталец, - зборуваше полека татко и, со силно издивнување на крајот.

- Сега е друго време, - рече Драгана повлекувајќи се чекор два наназад и упатувајќи му широка насмевка.

- Знам јас, не учи ме ти мене, мала палавко. Сега, не знаејќи да направат, да создадат ново музичко дело, посегнале по секоја стара народна песна па дури

и по оние кои за нас претставуваа свето нешто, па ќе ја искомплицираат, менуваат и прават лакрдија од неа, искривена мелодија.

- Мислам на..., - не дорече.

- Мислам на вистинска песна, - ја прекина. - Вистинска песна отпеана како што некогаш се пеела. Оригиналот. Излеана директно од душата човечка во моменти кога немал излез, притиснат в ќош од сите страни, ниту имал некој да му помогне, кому да се пожали, кому да ја каже макатa... Емоции мила, што повеќе емоции, со нив, покрај убавиот глас се доаѓа до успех. Слушај го ти татко ти, - ја советуваше....„

Мојот револт кон непочитување на човечките вредности го искажувам и на овој начин, во неможност да сторам нешто повеќе кога ми се одзема правото на слобода, на чувствување и чествување на културното и обичајно наследство. А, сето тоа да се прикажува како моја желба и слободна волја. „Сосила убајна не бидува“.

Само да потсетам, не само кај нас ами и секаде во светот, сакајќи да ги избегнат проблемите со власта, или оние кои управуваат со власта, не ретко писателите се искажувале пишувајќи во алегорија, каде што главните ликови се претставени во поинаква форма, или револтот се искажува на поинаков начин. „Јазовец пред суд“ од Петар Кочиќ (напишана во форма на дијалози), Петре М.Андреевски, „Кога ја љубев Дениција“ ... Кога ја љубев Дениција/ како да учествував во создавањето/на првата Македонска држава.

Ако е за право, во еден подолг временски период, (30 год. една смена на генерации), како намерно да се работеше на уништување, намалување, минимизирање на сите вредности на нашиот човек. Истакнувани се, па дури и наградувани, а казнувани другите. Овде не би наведувал примери, затоа што сме современици и ваквата состојба на сите ни е познато. Една реплика од нашиот писател почесен Академик Владимир Костов, во сега дамнешна 1995 година, кога ги коментираше резултатите на еден конкурс, добро се сеќавам кога рече: „Јас наградите одамна не ги сметам како поле за книжевен натпревар меѓу писателите“, апроксимална споредба со Делчевата мисла.

Сега кога имам скоро триесет и кусур годишно книжевно искуство, го сфаќам неговиот револт.

Можеби не е место, но сепак кореспондира со темата, а се одразува и на литературното творештво. Погледнете ја сегашнава состојба кај писателската фела во Македонија. Без никакви критериуми може да се стане член на ДПМ, а оние малку награди кои служат небаре потик за писателот (особено младите таленти) се делат во четири очи. Сѐ се купува и сѐ се продава. Уметничката вредност се изгуби пред паричната или друга услуга. И во потесна смисла писателите не се имуни на состојбите во општественото живеење. Така една убава дружба на потесниот круг на писателската фела,

скроена пред петнаесеттина години, под влијание на љубомората, завидливоста, зависта на поединци, полакомени по признанија и нелитературни привилегии, доведе до тоа да се разнебити дружбата, до скоро непостоење. Од една респективна група се сведе на ширење омраза на еден кон друг, а за почит кон квалитетот или возраста на писателот и да не зборуваме.

Ако се сублимираат размислите на дадената тема, само по себе се наметнува и прашањето: Каде е и каква би била тука водечката улога на ликот, кој писателот сака да го обработува?

Ако е за утеха, во лоши времиња писателите повеќе биле наклонети кон пишување на четива со сатирично-хумористична содржина. Можеби токму да се оддалечи, да ги совлада стравот и немоќта, да заборави или барем за некое време да не биде дел од лошите науми кај луѓето, што како влијание би го преточил во некој лик од своето дело.

Dobre Todorovski

# MY REVOLT AGAINST THE HUMAN VALUES HAS A MEASURE

Most of the characters, live life of constant battle for survival, i.e., have a kind of existence, observed in the time and space in which they are located. These are not wealthy people, they are characters of ordinary people, taking part in all the happenings, fears and horrors, severe human injustices, humiliation, submission and underestimation by those around us have greediness for the Macedonian piece of land. For my characters this Land is something most sacred, same as the mutual trust, respect, and love, the faith in the given word as a covenant of the tradition. The revolt occurs when one's dignity is violated, one's denial, when one's word is trampled, also, when his word is taken away as if it were a voiceless figure, because with it dies honor as the highest moral and ethical value.

The characters often express their insecurity and revolt through abusive words, swearings and curses, but never to cross the line. I mean not to exaggerate. The characters often pass through injustice peacefully, following their meek life, with a lot of faith and hope that time is on their side.

Rare, very rare are the moments, the pivotal characters, to express their revolt in a violent way, causing material or bodily injury. It is an exception when the character is placed, brought to such an emotional state.

In support I give an excerpt from the novel "Sister Cassiana", as an indication that the revolt is expressed in a different way:

...- Therefore, emotions dear ... For such a song it is necessary to express emotions to the point of pain ... It is something like when someone forcibly takes away your property without leaving a trace, same as if someone changes your name, changes your faith, and you, after all, sing about the resurrection."

As a consolation, in bad times writers were more inclined to write humorous-satirical content. Perhaps, they wanted to run away in order to overcome the fear and powerlessness, to forget or at least for a while not to be part of the bad intentions of the people.

# СОДРЖИНА

**Подготвил: Д–р Николче Вељановски**

15. РОДНОКРАЈНА СРЕДБА .......................................... 5

**Биљана Т. Димко**

НЕПРАВДАТА ГО ЈАКНЕ ЧОВЕЧКИОТ УМ, КНИЖЕВНОСТА ГО ОБЛИКУВА СПОРЕД ТАКТОТ НА ВСЕЛЕНАТА .................. 7

**Петре Димовски**

ВРЕМЕТО НЕ ГИ БРИШЕ ЧОВЕЧКИТЕ ВРЕДНОСТИ ........... 12

**Јован Ѓуровски**

ВРЕМЕ НА ОТТУЃУВАЊЕ И ОД НАЈБЛИСКИОТ................ 18

**Николина Ѓуровска**

РЕВОЛТОТ НАД ЖЕЛБАТА .......................................... 24

**Елизабета Јончиќ**

УСЛОВЕНАТА ПОТРЕБА И ТРПЕЛИВОСТ, БУНТ И ОХРАБРУВАЊЕ НА ПОЕТОТ ВО МЕНЕ .............................................. 29

**Академик Владимир Костов**

A N G E L U S .................................................. 34

**Никола Кочовски**

ОД ЖЕД ДО УБИСТВО ............................................37

**Љубе Митрејчевски**

РЕВОЛТОТ ВО МЕНЕ КОН СУДБИНАТА НА МАЈКАТА ШТО ГО ИЗГУБИ СВОЕТО ЧЕДО ............................................42

**Весна Мундишевска-Велјановска**

ЕКОТ НА ПОЕТОТ ВО МЕНЕ ЗА ЗАГУШЕНИТЕ ЧОВЕЧКИ ВРЕДНОСТИ ............................................48

**М-р Сања Мучкајева Видановска**

КОГА И БОГОВИТЕ ИМААТ ИНТЕРНЕТ, РЕАЛНОСТА МОЛЧИ............................................54

**Проф, д-р Христо Петрески**

КОНСТРУКЦИЈА, ДЕСТРУКЦИЈА, ПРОЕКЦИЈА...
Или: накратко за едни метални кутии, синџири и катанци..........62

**Ванчо Полазаревски**

КАКО СЕ ПЛЕТЕ МРЕЖАТА ЗА УЛОВЕНИОТ ЛИК ДА БИДЕ ГЛАВЕН............................................65

**Благој Поповски**

К О Р О Н А............................................70

**Ѓорѓи Прчков**

МОИТЕ ЛИКОВИ – ОД СТРАВ И НЕМОЌ ВО РЕВОЛТ КОН ЧОВЕЧКИТЕ ВРЕДНОСТИ............................................74

**Илче Стојановски**

ЗА ЦРНО – БЕЛИОТ СВЕТ . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 85

**Биљана Тодоровска**

РЕВОЛТОТ НА ПОЕТОТ ВО МЕНЕ . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 91

**Добре Тодоровски**

СОСИЛА НЕМА УБАВИНА (Народна поговорка). . . . . . . . . . . . . . . . . . 95

**ПЕТНАЕСЕТТА РОДНОКРАЈНА СРЕДБА СО БИТОЛСКИТЕ ПИСАТЕЛИ ОД МАКЕДОНИЈА**

**Издава**
Национална установа – Универзитетска библиотека
„Св. Климент Охридски“ – Битола
ул. „Пеце Матичевски“ бр. 39 Битола

**Организациски одбор:**
м–р Јелена Петровска
д–р Николче Вељановски
Академик Владимир Костов

**Превод на резимеа на англиски јазик**
д–р Николче Вељановски

**Лектура**
Валентина Јовановска

**Подготовка и печат**
Арт принт студио

**Тираж**
150 примероци